# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери

NLB Тутунска банка

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

Година VI, број 59 ISSN 1857-7660 28 јуни 2013 година


## Да не се заборави

На 4–ти јуни 2013 година околу 1500 пензионери свечено облечени како за најголем празник, се собраа во Универзалната сала во Скопје. Повод за овој масовен собир беа два настани поврзани со минатото, но живо присутни и денес.



Едниот повод беше одбележувањето на педесетгодишнината од катастрофалниот земјотрес во 1963 година кој кај многумина присутни во салата разбуди тажни спомени поврзани со прекинати детски игри, со разурнати домови, со солзи за најмилите...

На екраните се менуваа потресни фотографии од раните часови на 26 јуни 1963 година. На утрото кога застана да чука часовникот на сидот од железничката станица заедно со стотици срца на оние кои ги однесе во своите прегратки страшниот земјотрес... Тоа утро згаснаа многу насмевки, многу иднини, многу недосонувани желби и соништа.

Но, како и секогаш и тогаш хуманоста и солидарноста му помогнаа на Скопје да ги залечи раните. Се подадоа раце и помош од секаде. Скопје стана град на светската солидарност која му помогна да се обнови, да закрепне, да продолжи да се изградува во модерен културен, економски и образовен центар.



Годинава „Скопје се сеќава" на тоа премреже. Спомените се обновија заедно со новиот театар и многу културни обележја од нашата богата историја кои постарите можеби ги подзаборавиле, а помладите не ги ни знаеле.

На 4. јуни пензионерите покрај сеќавањата на разурнатото Скопје, во Универзалната сала ги вратија од заборав и многуте песни, ора и обичаи поврзани со традициите на сите што живеат на овие простори. Се пееше и играше рака за рака, срце до срце. И сето тоа измешано со писокот на зурлите, гајдите и тапаните. Срцата на овие возрасни луѓе во овие три часа чукаа силно и забрзано: од возбуда, од радост, но и од годините. Се играше и пееше на еден единствен јазик, јазикот на соживот, другарство и пријателство. И овој пат, уште еднаш, пензионерите покажаа дека се пример за помладите генерации во многу нешта, а посебно како се сака оној до тебе, како се сака својата земја.







Во салата одекнуваше од сите грла Македонија, Македонија... Во тој момент сите бевме Македонци, жители на Република Македонија. Различни беа само убавите песни, ората, обичаите, прекрасните носии... сето она што секој го носи во себе заедно со своите корени.

Нека продолжи така и во иднина. Да им покажеме на нашите синови и ќерки, на нашие внуци и правнуци како треба да се чуваат сеќавањата за помошта во неволја и како треба да се сочуваат нашето културно богатство, идентитетот, јазикот, вековните традиции и обичаи. **К.С. Андонова**

Министерот Диме Спасов се сретна со раководството на СЗПМ

## Со здружени сили до подобар живот на пензионерите



На 19 јуни 2013 година министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, се сретна со раководството на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. На средбата покрај пртетседателот Драги Аргировски присуствуваа и потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, потпредседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски и секретатот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова. На средбата во седиштето на Сојузот беше разговарано за проектите на Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика, кои се однесуваат на обезбедување на достоинствен живот и социјална сигурност на пензионерите и старите лица .

На почетокот на средбата претседателот на СЗПМ Аргировски го запозна министерот со неколку најактуелни прашања од битно значење за оваа најголема, најмасовна и мултиетничка асоцијација на најстарите граѓани во Република Македонија.

– Министерството е задоволно од досегашната соработка со Сојузот на здруженија на пензионери Македонија, а Владата на Република Македонија е подготвена за изнаоѓање на решенија за подобрување на статусот на пензионерите и старите лица – истакна на средбата министерот Спасов.

Тој потенцираше дека и во иднина ќе се излегува во пресрет на барањата на Сојузот во рамки на можностите. На средбата беше разговарано за Законот за пензионерско организирање, проектот „Бањско–климатска рекреација за корисници на пензија", условите за престој во пензионерските домови и потребата од изградба на нови, како и за низа други конкретни предлози од страна на претставниците на СЗПМ.

На крајот, двете страни се заложија уште поуспешно да продолжи партнерскиот однос и соработката.

**Калина С. Андонова**

## Спортување и другарување

На 20 јуни завршија осумте регионални пензионерски натпревари кои оваа година се одржаа по 18–ти пат.

Натпреварувачите – пензионери во поодминати години даваа се од себе за да постигнат што подобри резултати во сите 11 дисциплини. Се трудеа сите да освојат што повеќе поени заради своето здружение, но и заради самите себе. Сите се трудеа и на овој план да покажат и да докажат дека ниту годините, ниту условите во кои се подготвуваат не се пречка за да се спортува, да се трча, стрела, игра шах... Свесни за фактот дека спортувањето може да донесе само придобивки за здравјето во секој поглед тие и се предаваа на магијата на играта, без задршка, без резерва, без страв.



Првиот Регионален спортски пензионерски натпревар се одржа на 24. мај во Радовиш, вторият на 28. мај во Скопје, каде домаќин беше ЗП Гази Баба.

На 1 јуни се одржа третиот натпревар во Кратово, а во овој месец се одржаа уште четири регионални спортски натпревари и тоа: на 8. јуни во Струга, на 9. јуни во Неготино, на 15. јуни во Виница, а на 16 јуни во Битола. На 20. јуни натпреварите се одржаа во нашиот главен град во Скопје, а домаќин беше ЗП Карпош.



Најдобрите пензионери – спортисти, оние најподготвените, но и оние на кои среќата им беше сојузник, ќе учествуваат на Републичката пензионерска спортска Олимпијада 2013.

Така се спортува и активно се стаpee кај нас во нашиот Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, но така е и во Европа, така е во целиот свет. Веројатно сте слушнале дека постои Олимпијада за луѓето кои ја трошат седмата, осмата или деветата деценија. Такви натпреварувачи ќе има и на нашата Спортска пензионерска Олимпијада која ќе се одржи оваа година на 7 септември во Штип, градот под Исарот. **К.С.А.**

**НАРЕДНИОТ ДВОБРОЈ 60-61 НА ВЕСНИКОТ „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" ЌЕ ИЗЛЕЗЕ НА 10 АВГУСТ 2013 ГОДИНА**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


АКТИВНОСТИ стр. 2



ОБРАЌАЊА НА: ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СЗПМ И МИНИСТЕРКАТА ЗА КУЛТУРА НА РМ стр. 3

ИНФО стр. 4

ВНЕСУВАЊЕ РЕД ВО ПЛАЌАЊЕТО стр. 5



„МЛАДЕНЦИ" ВО ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМ стр. 7

ЗАВЕТ ЗА ЧУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО стр. 8 и 9

МАСОВЕН ПИКНИК ВО ЕЛЕНЕЦ стр. 10





PIKNIK NË DOJRAN стр. 12

ЗДРАВСТВО стр. 13

18-ти РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ стр. 14 и 16

ЗАБАВА стр. 15







**Колумна**

# Татковци и деца - Меѓугенерациска грижа

**Методија Ст. Тошевски**

Кога Иван Тургењев го напиша својот, подоцна, култен роман Татковци и деца, во Русија владееја сосема подруги општествено политички односи од оние во кои денес живеат тамошните и овдешните поколенија, во Русија или овде во Македонија. Судирот во сваќањата којшто произлегува од генерациското поимање на нештата, секако, и тогаш, и денес има своја основа во природниот нагон на човекот да го гледа светот и животот со свои очи, и по правило со малку подотворени очи, за да види повеќе и подалеку, како и со поголем напор и самодоверба. Без тоа не би можело да се оствари прогрес во општеството. Некогаш, овие вреднувања имаа сосема подруги мерила, од оние со кои тие вредности се мерат денес, и тоа е мотивот што го побудува нашиот интерес за темата.

Во Република Македонија според статистичките податоци за генерациската структура на населението, иако по одделни народносни групи има битни разлики, во целина, расте учеството на старосните групи со поодминатата возраст. Во основа оваа констатација упатува на сознание за силно присутната тенденција на генерациско празнење на популацијата по две основи:

- Намалување на стапката на наталитетот, што влијае и на намалување на вкупниот број на населението во државата; и,
- Намалување на населението во државата на основа на привремено или трајно иселување на младите генерации во странство како резултат на економската миграција и промената на културата на живеење.

Гледано од аспект на населението како бројка, податоток има една вредност, а гледано од аспект на податокот како отсуство на кадровски потенцијал за потребите на националната економија на државата, има друга вредност. И двата аспекта на податокот преставуваат сигнал за загрижување.

Несомнено дека современата миграција на работната сила како одраз на отвореноста на европскиот пазар на трудот, и пошироките потреби од кваликфикувана работна рака во регионални рамки, преставува процес којшто ја подвижува комуникацијата на луѓето на поширок план, и надвор од државните рамки. Таа тенденција, зависна од подемот и кризните состојби на стопанствата и пазарите на регионалните економски групации, силно влијае и врз кадровскиот потенцијал ангажиран во развојот и движењето на националните економии. Одливот на валификуваната работна сила од Република Македонија, гледано како изгубен ефект од претходните инвестирања во националната економија, државата не може, а и не смее немо да го гледа, а уште помалку на прикриен или невидлив начин да го стимулира.

Стопанството на Република Македонија во многу економски елементи не е компатибилно со економиите на развиените земји. Оттаму структурата на професионалното ангажирање на нашите граѓани во странство, нема услови да се пресликува во нашата економија и искуствата стекнати надвор да се пренесуваат директно и на широк план. За тоа на развојот на екомомијата му треба нова, хетерогена стопанска структура. Поради бавниот развој на домашната економија, бавно се менува, а уште помалку може да ги стимулира и прифаќа повратните спреги на миграцијата на работната сила и потребите на новите професионални квалификации..

Ова е едната страна на лицето. Втората страна на прашањето е меѓугенерациската грижа на луѓето во семејството, но и во општеството. Празнењето на семејствата го потенцира и празнењето на просторот. Во просторот покрај луѓето, невижнините, инфраструктурата стои и земјата. Таа сѐ уште преставува значаен економски потенцијал во структурата на стопанството во државата. Недостигот на луѓе за ангажирање во земјоделието, шумарството, екологијата, одржувањето на станбениот и општествениот фонд на добра го доведува во прашање нивното и економско и физичко опстојување. Но, најмногу тоа се одразува на стандардот и на социјалната димензија и грижа за старите генерации на општеството. Голем број родители остануваат без физичка, морална и материјална поткрепа од членовите на своите разделени (разнебитени) семејства. Не се работи дали членовите на семејствата испраќаат или не финансиски средства за издржка на своите семејства. Отсуството на голем број лица ги празни селата, улиците и населбите по градовите. Затворени врати и прозорци на куќите ја пренесуваат внатрешната темнина и на сокаците, улиците, плоштадите. Во многу средини зјаат празни простори кои застрашуваат. Луѓето сакаат топлина, луѓе околу себе. Нив ги нема...

Ако општеството е осведочено со таквата неминовност, тогаш мора да ја менува и својата стратегија за поддршка на новата култура на живеење. Мора, не треба, туку мора да ги зголемува капацитетите за згрижување на старите лица, да создава услови за олеснување и збогатување на животот на старите лица, нивно оттргнување од самотијата и чамењето меѓу четири ѕида или пред затворените порти на авлиите...

Неколку поенти имаат значење поради кои државата на ова прашање треба да даде приоритет.

Прво, дали ќе гради нови домови за стари лица, ќе адаптира и приспособи неискористени државни објекти за таа намена, или ќе форсира живеење во дом семејства во средините во кои се наоѓаат лицата со ваков статус е прашање на проценка која треба да ја направат социјалните служби, психолози и здравтвени стручни лица.

Второ, било која од овие опции создава услови за вработување на невработени лица од средната генерација која потешко може да се адатира на новите технологии во стопанството и општествените служби;

Трето, ваквото згрижување на оваа категодија население ги намалува во просек општествените издатоци за социјална, здравствена и општествена заштита на лицата и создава можности за намалување на даночното оптоварување на економските субјекти;

Четврто, ова создава и основа за подобро организирање на волонтерството во рамки на здруженијата на пензионери. Создава услови нашата активност за помош на членството кое има таква потреба, да добие услуги без засегнување на семејниот буџет.

И т.н. и т. н.

Нашата асоцијација е повикана и должна за овие потреби да ги анимира државните органи, органите на локалната самоуправа и социјалните служби...

Седница на Правно–економскиот форум на ИО на СЗПМ

# Усогласување на дејствувањето во пензионерската организација

Одбележувајќи ја 70–годишнината од револуционерните настани во славната Дебарца кај Охрид, Правно–економскиот форум на ИО на СЗПМ на 11–ти јуни оваа година одржа седница во струшкото село Мешеишта, на која расправаше по единственото прашање околу усогласувањето и уредувањето на деловната и финансиската политика на здруженијата на пензионери и на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Со седницата раководеше претседателот на Форумот **Стамен Филипов**, а присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски со потпретседателите на Собранието и на ИО, Бесник Поцеста и Методија Тошевски, секретарот на ИО Станка Трајкова и претседателот и секретарот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца, Ѓорѓи Трпчески и Стефан Владимиров како домаќини.



Воведно излагање поднесе потпретседателот на ИО на СЗПМ, **Методија Тошевски,** кој ги наведе причините за поведувањето иницијатива за донесување спогодба за уредување на финансиското работење на ЗП и СЗПМ и ја потенцира потребата за усогласување и поконкретно регулирање на дејствувањето во овие области со ваков документ, со цел порационално и понаменски да се користат средствата од членарината и другите приходи. Исто така, тој нагласи дека актуелниот документ во ништо не е во спротивност со предложениот Закон за пензионерско организирање.

Во дискусијата се истакна потребата да се предложи документ кој ќе обезбеди вертикално и хоризонтално поврзување на здруженијата со Сојузот. Конструктивната расправа доведе до усогласувања на мислењата и ставовите и прифаќање конкретни предлози за стручно и техничко подобрување на текстот, при што беше заклучено дека ваквото регулирање на оваа проблематика е потребно. За тоа на посебен состанок ќе расправаат и претседателите на здруженијата на пензионерите.

Со свои мислења и предлози за подобрување на текстот на документот придонесоа: **Драги Аргировски, Бесник Поцеста, Методија Тошевски, Станка Трајкова, Атанас Кутлешевски, Ристо Франгов, Драги Стоилковски, Фиданчо Стоев, Станко Сипковски, Илија Адамоски, Васко Калески и Салтир Каровски.**

На седницата беа поставени прашања за постапката околу донесувањето на Законот за пензионерско организирање, за кој уште во подготовката на иницијативниот текст пред неколку месеци Форумот како најстручно и најкомпетентно тело на ИО на СЗПМ позитивно се изјасни. Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** даде целосна информација околу донесувањето на Законот, а одговори и на други прашања, при што информираше за ангажирањето и реализирањето на планските активности на Сојузот со тежиште на ревиите на песни, музика и игри и спортските натпревари на пензионерите.

Членовите на форумот и гостите посетија некои знаменити места во општината Дебрца, а во Белчишта ги поздрави и добредојде им посака секретарот на Советот на општината **Илија Дуклевски**. Беше посетена и Ликовната колонија во Белчишта за која импресивно излагање имаше познатиот уметник и пензионер **Ѓоко Целески**.

**М. Димовски**

Од работата на Рекреативниот центар во Катланово

# Заложба за подобро користење на Центарот

Комисијата за работа на Рекреативниот центар во Катланово на 7–ми јуни оваа година одржа проширена седница со претседателите и претставниците на здруженијата на пензионери од Градскиот Сојуз на ЗП – Скопје и другите корисници на услуги на Центарот. Седницата ја отвори претседателот на ГС на ЗП д–р **Крсте Ангеловски** и на почетокот информираше за состојбата и можностите на Центарот во исполнувањата на барањата на корисниците на услугите, како и за планските активности за завршување на реновирањето на објектот. Тој посебно изрази благодарност до Советот на градот и градоначалникот на Скопје Коце Трајновски за помошта во реновирањето на објектот, за што оваа година се издвоени околу еден милион денари.

На седницата присуствуваше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој ги запозна присутните со активностите на раководството на Сојузот и со реализацијата на Програмата за работа во овој дел од годината. Притоа, тој искажа задоволство за успешната реализација на регионелните и на Републичката ревија на песни музика и игри, а информираше и за текот на пензионерските спортски натпревари, како и за степенот на реализирањето на активностите околу донесувањето на Законот за пензионерско организирање. На крајот на седницата претседателот Аргировски одговараше на прашања на присутните за актуелните збиднувања во Сојузот и настаните кои имаат определено влијание врз политиката и заложбата на Сојузот за подобрување на стандардот и квалитетот на животот на пензионерите.



Со седницата раководеше претседателот на Комисијата **Павле Спасев** кој ги соопшти можностите и капацитетот на Центарот и со поединечно изјаснување на присутните ориентирно ја утврди квотата на заинтересираните корисници на услугите за оваа година. Во натамошниот тек на седницата беа разгледани цените на пансионските и другите услуги во Центарот и беше утврдено неделното мени со некои предлози за измена и дополнувања на истото. Се дискутираше и за други актуелни прашања, а најмногу за подобрувањето на условите за престој во Центарот и зголемувањето на итересот за користење на услугите.

За презамените мерки во тој однос со практикување придружни акативности за подобрување на културно–забавниот живот на корисниците во слободното време, зборуваше закупецот на Центарот **Видан Стоилковски**, кој, меѓу другото, истакна дека за корисниците – припадници на здруженијата моментално во РЦК се нуди најниска пансионска услуга од 700 денари. Притоа стана збор и за ангажирање културно–забавни групи од здруженијата кои постигнале забележливи успеси на годинашниве ревии на песни, музика и игри и за организирање забавни средби и дружења во Центарот.

На седницата беше заклучено дека Комисијата ќе преземе и други дополнителни мерки за подобрување на условите за престојување во Центарот и за зголемување на интересот на корисниците за време на работата во летниот период.

**М.Д.**

Актив на пензионерки од ЗП Чаир и ЗП Бутел

# Успешна соработка со локалната самоуправа

Повеќегодишната соработка на Активот на пензионерки „Зора", при ЗП Чаир и ЗП Бутел и општината Бутел е на ниво кое само може да се посака и треба да биде како пример, како се градат меѓусебни односи. Сето тоа се должи на големиот интерес за оваа популација, повеќе години наназад во општината, а посебно од градоначалникот Петре Латиновски.



Претседателката Надежда Давчева, од името на сите членови на активот, му го честиташе повторниот избор за градоначалник и му посака успешна и плодна работа. Воедно го запозна со работата на активот, активностите што се реализирани досега, а посебно нагласувајќи ги претстојните активности зацртани со програмата и одбележувањето дваесет и две години од формирањето на активот на пензионерки што ќе се одржи во месец септември.

– Се трудиме сите наши активности успешно да ги реализираме за да ни останат во убави спомени. Тоа го постигнуваме благодарение на целосната трудољубивост и залагање на членовите на активот и нивната желба за успеси. А без тоа, не можевме да ги постигнеме овие резултати кои се како плод и на добрата соработка со општината. Се надеваме дека нашата соработка ќе продолжи дури и со поголем интензитет – рече Давчева.

Градоначалникот **Петре Латиновски** се заблагодари на честитката и на исцрпното информирање за успесите и проблемите со кои се среќеваат пензионерките во активот и нагласи:

– Посебно сум горд на оваа категорија граѓани, кои се всушност градители на денешницата и најчесто ги посочувам како пример, како може во поодминати години да се биде активен. Тие имаат достојно место во нашата општина. На посебно ниво ќе биде нашата соработка, ќе ви помагаме и ќе имате целосна поддршка од мене.

И оваа средба е знак дека добрата соработка со локалната самоуправа во Општина Бутел ќе биде уште подобра, а тоа ќе вроди подобри резултати и успеси за Активот. За жал таква добра соработка не е воспоставена со градоначалникот на Чаир Изет Меџити, на кој исто така граѓаните му дадоа доверба и овој пат, а меѓу нив имаше и многу пензионери. Да се надеваме дека така ќе биде и со оваaа општина бидејќи во Активот членуваат жени од територијата и на оваа опшина.

**Васил Пачемски**

# Републичката ревија на песни, музика и игри 2013 - Универзална сала, 4. јуни во Скопје

Обраќање на претседател на СЗПМ

## Драги Аргировски



Почитувани пензионерки и пензионери, гости и учесници на Републичката ревија на песни, музика и игри 2013, Добредојдовте на овој голем за сите нас културен настан од национален интерес за нашата земја.

Дозволете ми најпрво од името на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија да ја поздравам почитуваната министерка за култура во Владата на Република Македонија д–р Елизабета Канческа – Милевска, која по вторпат ни направи чест да биде покровител на оваа значајна пензионерска културна манифестација. Да го поздравиме и почитуваниот претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија д–р Живко Митревски, како и сите идни пензионери кои исто така се присутни во салава.

Покровител на оваа манифестација е и градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски, кој поради службен пат не е меѓу нас, а тука е директорката на Универзална сала м–р Вера Бошковска со која одлично соработуваме за овој настан да биде што подобро и подостоинствено организиран.

Републичката ревија на песни, музика и игри 2013 се одржува и под мотото „Скопје се сеќава" по повод одбележувањето на педесетгодишнината од скопскиот катастрофален земјотрес, педесет години во кои нашиот главен и разурнат град благодарение на светската солидарност одново се изгради и стана уште поубав културен, економски и образовен центар на Република Македонија.

Драги присутни, повеќето од Вас заради возраста сте сведоци на настанот, но и на големата хуманост и солидарност . Што значи солидарност најдобро знаат пензионерите бидејќи пензискиот систем се базира на солидарност. Да се биде солидарен и да се помага, да се негува заедништвото и другарството, најдобро знаат постарите генерации кои во многу нешта и многу често се пример за тоа.

Денешнава Републичка ревија на песни, музика и игри претставува двочасовен избор на најдобри изведби од над 12 часа програма од шестте регионални ревии на кои настапија рекордни 47 здруженија на пензионери – членки на Сојузот. Тоа се пензионери – интерпретатори на многу убави стари изворни и староградски народни песни, музика и ора со мелос карактеристичен за краевите во кои егзистираат здруженијата.

И денес пензионерите ќе покажат дека се верни чувари на своето културно богатство, традицијата и својот идентитет. Ќе покажат дека го сакаат и чуваат своето, но еднакво ја почитуваат и културата и идентитетот на секој друг во нашата земја, во нашето соседство и во целиот свет. Со своите изведби, инструменти и носии тие ги враќат од заборав традициите кои го изразуваат културното наследство на мултуиетничка Македонија. Значењето на оваа манифестација го нагласуваат народни песни испеани од срце и со мерак, носиите кои пленат со својот спектар на бои, како и ората во кои играат сите без разлика на националност и вера. Оваа ревија е своевиден раритет на Балканот, но и пример за заедништво и активно стареење за сите земји во Европа и пошироко.

Да се чува, негува и афирмира песната, музиката и играта е од посебен јавен интерес. Квантитетот и посебно квалитетот на овие пензионерски културни активности придонесоа, Министерството за култура на Владата на Република Македонија, Републичката ревија на песни, музика и игри и шестте регионални ревии во 2013 година да ги прогласи за манифестации од национален интерес на културата во нашата држава. Со тоа Министерството за култура ни оддаде признание за нашата работа, но ни направи и голема чест за што сме посебно благодарни.



Републичката ревија на песни, музика и игри 2013, како најмасовна културна манифестација во нашата земја треба да се цени и од аспект на меѓугенерациската соработка и солидарност и како добра можност за дружење, за културна релаксација, за подобар соживот и за ширење на пријателството меѓу пензионерите од нашата земја. Ревијава ќе покаже уште еднаш дека навистина имаме со што да се гордееме.



Свечено обраќање на министер за култура во Владата на РМ

## Елизабета Канческа - Милевска



Почитуван господине Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите, Почитувани присутни, Дами и господа,
Дозволете ми на почетокот да го изразам моето големо задоволство што денеска имам можност да ви се обратам на свеченото отворање на Ревијата на песни, музика и игри 2013 на пензионерите, манифестацијата која го афирмира нашиот староградски фолклор, нашето изворното творештво, нашиот македонски културен идентитет. Оваа манифестација која е плод на заложбите на постарата но, најмудрата генерација, за негување на нашата богата етнокореолошка традиција, потврдува дека Република Македонија им припаѓа на народите кои со гордост можат да ја споделат својата богата култура со светот. Ревијата на песни, музика и игри 2013 е одраз на силната желба, посветеност и длабока почит на пензионерите кон трајните вредности на културата како наше национално и културно обележје.

Република Македонија е земја со богата историја, со богата култура и вредности кои се препознатливи во европскиот културен простор. Да се поседува ова богатство, но и да се сочува нашето културно наследство е голема привилегија и должност на сите граѓани на нашата држава. Во оваа смисла би сакала да ги поздравам сите иницијативи на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, кој во изминатите 11 години реализираше низа активности и проекти преку кои ја демострираше волјата и подготвеноста на постарата генерација, активно да учествува во креирањето на културниот и јавниот живот кај нас, акцентирајќи ја нашата повеќеслојна традиција. Во изминатите години, со голема љубов, пензионерите го вложија својот ангажман во реализацијата на оваа Ревија на песни, музика и игри, со желба да го пренесат најубаво, непроценливо македонско фолклорно богатство на најмладите, да го прослават нашето минато, сегашност и иднина. Затоа, во оваа прилика би сакала да изразам голема благодарност до сите 47 здруженија на пензионерите во Македонија за нивната посветена работа и придонесот во негувањето и афирмирањето на македонската традиционална култура, македонските духовни и културни вредности.

Дозволете ми во оваа прилика да ја реафирмирам мојата цврста определба за отворена соработка со здруженијата на пензионерите во земјава, која и во иднина верувам дека ќе резултира со нови и квалитетни проекти и програми поддржани од Министерството за култура, како траен влог во иднината и опстојувањето на принципите со кои културата има смисла само ако е достапна за сите.

На крајот од ова мое обраќање би сакала да потенцирам дека она што, благодарејќи ви вам, го имаме денес, мораме посветено да го негуваме и да го чуваме за да можат и идните генерации да имаат своја современа сегашност.

Вашиот придонес кон тој идеал е само уште еден светол пример и порака до младите генерации за истрајност, трудољубивост и, секако, посветен однос кон културните вредности по кои нè препознава светот.

# Соработката продолжува со нова енергија

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и досега имаше одлична соработка со Министерството за труд и социјална политика на Македонија. Таквата соработка ќе продолжи и понатаму, но со нова енергија. Доказ дека тоа ќе биде така е неодамнешната средба на министерот Диме Спасов во просториите на СЗПМ. Иако министерот Спасов кусо време раководи со ова едно од најсензитивните министерства, тој најде време да се сретне со раководството на СЗПМ.



На почетокот од средбата министерот Спасов го истакна задоволството што има можност да се сретне и да разговара со претставниците на највозрасната популација во земјата, популација која е битна алка во општеството бидејќи е вградена во се она што денес постои.

– Сите започнати проекти ќе продолжат. Вашите барања секогаш ќе бидат разгледани и ќе се трудиме и како министерство и како Влада да помагаме во разрешување на сите ваши идни приоритети и барања бидејќи пензионерите тоа го заслужуваат со дадениот труд и придонес во минатото. Ќе имаме добра конструктивна соработка . Ќе ја имате секогаш нашата подршка во граници на она што е реално и можно, – рече министерот Спасовв.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му се заблагодари на министерот што најде време за оваа средба, и при тоа ги покрена следните прашања кои во моментов се најбитни за Сојузот:

– донесување на Закон за пензионерско организирање во РМ

– решавање на проблемот со просторот во кој работи Сојузот, со цел да се намалат давачките, а тие средства да се искористат за други цели

– да се искористат неискористените 1784 места од проектот за банско–климатска рекреација

– реновирање и изградба на нови пензионерски и старски домови.

По сите овие прашања министерот покаже волја за нивното решавање, се разбира по нивното добро разгледување и во одреден временски период, за решенијата да бидат издржани и такви како што треба.



Средбата заврши со договор за заеднички настап на сите нивои и во сите области, а со цел животот на пензионерите да биде поквалитетен, посодржаен и подостоинствен, а стандардот повисок.

**К.С.А.**

## Градот на солидарноста



Сонот царува, прегратка,
насмев, будилник?
Зазорува, ден се буду,
Топло летно утро.
Градот сони во котлината
како во лулка,
ил, можеби ги растегнува
своите нишки в починка

Ноќната смена ита кон дома на заслужен одмор.

5.17 часот.......земјата се тресе
ПОМОШ! – како ехо низ градот одѕвонува.

Урнати згради, тресок, прашина, крцкање...
– Кој ни го одзеде сонот? – Лелек, пискотници...
Скопје е погодено од разурнувачки земјотрес.

Граѓаните, војниците, полицијата
Ги измлекуваат од под урнатините
мтртвите, ранетите, преживеаните..
Целиот свет подава рака за помош!

Денес, пишаниот збор, еден нем сведок
На едно време пред половина век!
Спомени, љубос, насмевки, нови чеда.
Скопје – велеград.
Бараките – облакодери, уличките – булевари,
кејот на Вардар – шеталиште,
клупи за бакнежи и починка...СКОПЈЕ.

**Лидија Јеремиќ**

# Треба да има само еден сојуз на здруженијата на инвалидски пензионери во РМ

Во организација на Сојузот на инвалидските пензионери на Р. Македонија под раководство на пресадетелот на сојузот Љубомир Јанев во Велес се одржа консултативен состанок со преседателите на здруженијата на инвалидски пензионери на тема: **Потреба од формирање на еден сојуз на здруженија на инвалидски пензионери на Р. Македонија.**



На седницата се констатира дека заради остварување на правата на инвалидските пензионери од областа на здравството, обезбедување на лекови и медицински помагала, како и правата од областа на сообраќајот (користење на паркинзи, ослободување од плаќање на патарини и друго), правата на користење на бесплатни телефонски разговори, права кои произлегуваат од позитивните законски прописи, потребно е здруженијата на инвалидските пензионери да формираат еден единствен сојуз на здруженија на инвалидски пензионери на Р.М. Овој Сојуз со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) би формирал Унија на сојузи со цел да се зајакне и забрза остварувањето на правата на пензионерите согласно законот за пензиско и инвалидско осигурување, законот за здравствено осигурување и други позитивни закони и законски прописи со кои се одредуваат права на пензионерите. Потребно е сојузите да се позанимаваат и со потребата од вклучување во здруженијата на пензионери корисници на странски пензии кои живеат во Р. Македонија.

**Софија Михајлова**

Раководството на пензионерите на Македонија во посета на Дебарските бањи – Цапа

# Владиниот проект се спроведува без проблеми

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и потпретседателот Бесник Поцеста за време на посетата на Дебар дадоа оценка дека владиониот проект за бањската рекреација без наплата што се спроведува во четири бањи во Македонија, се реализира без проблеми. Во четирите бањи во кои според Министерството за труд и социјална политика се определни оваа година да се рекреираат бесплатно 10 илјади пензионери, рекреацијата се одвива во согласност со договорот. Аргировски и Поцеста сметаат дека овој проект на владата има големо значење особено за категориите на пензионерите кои имаат минимални пензии.

До сега оваа право го имаат искористено над 80 насто од пензионерите за оваа година односно над 8000 пензионери. Другиот дел оваа право ќе го остварат на есен во наведените четири бањски локалитети во земјава .

При посетата на Бањскиот локалитет на Дебарски бањи – Цапа во бањиште, раководството на СЗПМ имаа средба со главниот менаџер на овие бањи Шпреса Цапа. Претставниците на пензионерите и раквдството на дебарските бањи – ЦАПА, нагласија дека во овие бањи пензионерите се многу задоволни. Амбиентот и термалната вода овозможија целосна рехабилитација на оваа категорија на пензионери кои го живеат третото доба. Аргировски и Поцеста имаа средби и со дел на пензионери кои се на рехабилитација во овие познати бањи.

**В. Садику**

ЗП Куманово

# Екскурзија и гостопримство за паметење

Пензионерските екскурзии до најразлични дестинации што ги организира Комисијата за спорт, одмор и рекреација при ЗП „Куманово" се креирани на начин да обезбедат убаво и незаборавно доживување, меѓусебно другарување, но и да се запознаат природните убавини и историски знаменитости во нашата земја и странство.Таква, на 24 мај – Денот на македонските просветители беше организирана за околу 200 пензионери кои заминаа надвор од градот со уверување дека излетничкиот ден ќе им остане во незаборавно сеќавање. Тој ден беа дел од еко–туризмот во Западна Македонија.

По пат уживаа во планинските видици и живописните предели. На надморска височина од 1200 метри се насладуваа на убавините на Мавровското Езеро и секако на раскошниот кањон на чистата и брзата Радика, која низ бујната вегетација го сече планинскиот масив. Беше посетен манастирот Рајчица. Надвиснат над самото Дебарско Езеро, е еден од најзначајните монашки центри во Македонија, кој располага со исклучителни уметнички и иконографски вредности.

Следната дестинација беше Дебар. Тука, кумановските пензионери лично ги пречека потпретседателот на Собранието на СЗПМ, Бесник Поцеста со членови на дебарското пензионерско раководство. Како добри домаќини најпрвин организираа посета на Дебарски бањи – Цапа во Бањиште, позната по лековитоста на природната термо – минерална вода. По посетата на бањата, која минатата година е прогласена за најдобра бања во Македонија, кумановските пензионери со домаќините во Дебар имаа повеќечасовна средба и заеднички ручек. Во пријатна атмосвера и со невидено внимание срдечно беа поздравени од потпретседателот на СЗПМ, **Бесник Поцеста** и **Башким Маџкули**, претседател на Совет на општина Дебар.



Патувачката експедиција тука не запре. Во придружба на Мухамед Хиса, секретар на ЗП Дебар патот продолжи до Пешкопија во соседна Република Албанија. Од граничниот премин Блато до овој погранечен град, карванот на кумановските автобуси беше предводен од албанска полиција што се толкува како посебна привилегија.

На 24 мај беа исполнети очекувањата. Во колективната меморија ќе остане евидентирано уште едно успешно патување кое го потврдува сожиботот на македонските простори.

**Т. Антиќ**

ЗП Дебар

# Клуб на пензионери и во Центар Жупа



За првпат после десет години во руралната општина Центар Жупа наскоро ќе се отвори клуб на пензионери. Ова е одлучено на средбата што деновиве ја имаше претседателот на Сојузот на здруженијата на пензиоенрите на Македонија Драги Аргировски со градоначалникот на општината **Арјан Ибраим**.

– Ние ќе ги исполните барањата на пензионерите на општина Центар Жупа и ќе дадеме еден објект каде ќе функционира клубот, – изјави градоначалникот на општината Арјан Ибраим. Овој простор ќе биде во новиот објект на општината Центар Жупа, кој многу скоро ќе биде даден во употреба. Верувам дека просторот кој ќе се даде на користење, ќе ги исполни условите и барањата на пензионерите.

Претседателот на пензионерите на Македонија **Драги Аргировски** поздравувајќи го ставот и одлуката на локалната самоуправа рече дека барањата за отворање клуб за пензионенри биле од порано, но сега се поволни условите за реализација. Сега сме многу задоволни бидејќи и пензинерите од оваа општина ќе имаат свое катче каде ќе се рекреираат и ќе ги остваруваат своите активности .

Претседателот на здружението на пензиоенрите Дебар – Центар Жупа, Бесник Поцеста за време на средбата со претставниците на локалната самоуправа рече дека ова не значи поделба на здружението, туку создавање простор за поголема активност и компактност во дејствувањето.

**В.С.**

Здружение на граѓани инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија – Бутел

# Запознавање со духовното наследство

Егзотичното Мавровско Езеро, пријатната клима, недопрената природа, ветрот што шепоти за минатото, сонцето што дава надеж за добро утре и старовековните манастири, го прават ова место благопријатно за забава и одмор. Така на прв поглед делува овој крај. Од таа едноставност, не можете да оддолеете на привлечноста на овој живописен предел. Тука, одсекогаш се сакало да се дојде, а за тоа не мора да се има некоја причина.



Оттука тргнува приказната за еднодневната екскурзија на пензионери инвалиди изведена до Маврово. Ти се чини како планините да шепотат за минатото и плетат најразлични приказни. Создаваат занес, а ние шетајќи тивко крај езерото, како да сакавме да не го нарушиме мирот и спокојот. Се слушаа само нашите тивки чекори. Мечтите и соништата преовладуваа, а желбите не обединија, зошто едно без друго не се може.

Благодарение на организаторските способност на пртседателката на Здружението Оливера Димовска, го посетивме и Бигорскиот манастир Св. Јован Крстител, кој се издига со својата монументална градба крај бисерните води на реката Радика и стрмните камењиви падини на планината Бистра, каде тишината ја пореметуваат бујните млазеви на манастирските чешми. Манастирот плени со иконостасот кој е изработен во длаборез и претставува едно од најубавите копаничарски работи на мијачките мајстори. Го посетивме и манастирот св. Ѓорѓи во село Рајчица, кој е единствен во Македонија каде се изработуваат митри, капи за црковните владетели. Да си тука, а да не ги посетиш овие манастири е како да не си видел ништо.

**В. Пачемски**

ЗП Сарај

# Пикник во Дојран

Здружението на пензионерите од општина Сарај, во рамките на својата Програма за работа, на



01.06.2013, реализираше еднодневна екскурзија во Дојран. На овој пикник учествуваа 130 пензионери, меѓу кои беше и претседателот на здружението **Руфат Рамадани.**

Учесниците го посетија градот Дојран, се прошетаа покрај Езерото и се релаксираа. Како порано, така и овој пат, караванот го придружуваше **др. Јани Дечков**, кој беше подготвен да помогне во случај на здравствени проблеми.

Треба да се истакне дека повеќето од учесниците првпат го посетуваат Дојран кој им оставил убави импресии. Покрај запознавањето со градот и разонодата, оваа екскурзија придонесе во јакнењето на другарството, пријателството и меѓусебното дружење. Учесниците на овој пикник се вратија задоволни, среќни и со импресивни впечатоци.

**Б. Бакиу**

# Одбележан Денот на Власите и во Штип

Власите во Македонија со повеќе свечености го одбележаа 23–ти мај како свој празник, кога султанот Абдула Хамид пред 108 години ги признал како народ во турската империја. Со осамостојувањето на Република Македонија Власите ги добија своите права. По повод денот на власите оваа година се одржа свечена академија на државно ниво во Скопје, каде присуствуваше и највисокото раководство, а на свеченоста зборуваше и претседателот на Здружението на власите **Коста Митков - Папуљ**.



Во Штип за првпат делегација на пензионери од ЗП Штип и Карбинци со претседателот Михаил Василев и ученици од училиштето „Гоце Делчев" од Штип со своите наставници приредија приредба со поетски творби и песни на Влашки јазик.

Градоначалникот на Локалната самоуправа примариус – магистер **Илчо Захариев** во својот поздравен збор изрази задоволство што на ваков убав ден ги има највозрасните и најмладите за свои гости. Притоа, истакна дека секогаш ќе им помага на пензионерите во границите на можностите. Потоа претставникот на делегацијата, заменик претседател на Извршниот одбор на ЗП Штип и Карбинци, Коста Штериев на градоначалникот му подари икона во резба со ликовите на Светите Кирил и Методиј, сесловенските просветители.

**Ц. Спасикова**

ЗП Демир Капија

# Екскурзија во Крушево и во Демир Хисар

Организираните екскурзии се од голем интерес речиси за сите пензионери од општината Демир Капија, бидејќи мнoгумина од нив за време на нивното детство и младост немале материјални и други можности одблизу да ги видат природните убавини и историските занаменитости на нашата земја. Токму затоа Здружението на пензионери од Демир Капија годишно организира по пет научни екскурзии посетувајќи градови, прочуени манастири, културно–историски споменици и други знаменити места.

– Годинава првата екскурзија беше организирана до Крушево и Демир Хисар на 26 мај, ни рече **Благој Кавазов**, претседател на ЗП Демир Капија. Стотина пензионери со автобуси допатуваа во Крушево и првата посета беше вечното почитувалиште на нашата поп – икона Тоше Проевски. Со солзи на очите пензионерите запалија свеќи, положија свежо цвеќе и му оддадоа почит на најпознатиот македонски и балкански интерпретатор на забави мелодии.

Напуштајќи го гробот на овој великан, пензионерите ја посетија и спомен куќата запознавајќи се со краткиот живот и делото на овој незаменлив наш и светски пејач. Престојот пензионерите го искористија и за посета на изградената црква, како и културно-историските споменици. По прошетката низ историскиот град, надалеку познат по првата Крушевска Република, пензионерскиот карван нападне отпатува и во Демир Хисар. Овде, по приредениот заеднички ручек, пензионерите направија прошетка низ градот посетувајќи неколку знаменити места. Задоволни од организираната еднодневна научна екскурзија, тие со незаборавни импресии се вратија во своите домови.

**М. Пашоевски**

# Спортски игри на инвалидидте во Свети Николе

Здруженијата на Инвалиди на трудот од Штип, Крива Паланка и Пробиштип се сретнаа во Свети Николе на Спортско натпреварување, на 25 мај оваа година. Сите овие Здруженија се членки на Националниот сојуз на инвалиди на трудот на Република Македонија. Некогаш, во поранешна Југославија, 25–ти мај се славеше како ден на младоста. Пензионерите тој ден се потсетија на младоста, но и се чувствуваа така.

ЗИТ – Свети Николе беше и организатор и домаќин на овогодишното спортско натпреварување. Претседателот на ЗИТ – Свети Николе, **Стевко Павлов** со пригодни зборови ги поздрави присутните и им посака добро здравје, среќа и спортско и фер натпреварување. Натпреварот со своето присуство го зголеми и претседателот на НСИТ на Република Македонија, **Крсто Цанев**. Во своето обраќање, тој најпрво топло ги поздрави присутните, пожелувајќи им добро здравје, им им препорача на натпреварувачите натпреварот да биде во спортски дух. При тоа потенцираше дека овие здруженија се едни од најактивните во Сојузот, не само на спортскиот план, но дека со своето работење и активностите придонесуваат да се членствуваат погурно и позадоволно. На крајот од своето обраќање ги прогласи игрите за отворени. По натпреварот, претседателите на здруженијата одржаа состанок со претседателот на Националниот сојуз, на кој дискутираа за наредните активности и како понатамошната работа да биде уште поуспешна.

По завршување на натпреварувањата во шах, карти, домино и пикадо, организаторот на игрите им подели благодарници на учесниците. Најдобри резултати постигнаа Здруженијата од Штип и Пробиштип.

И оваа дружење се заврши весело. Се рашири македонското оро и сите заедно запееја македонски песни. Со песни и музика сите заедно поминаа незаборавни моменти.

**В. Петрушева**

Стекнување на статус од јавен интерес на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија

# Состојби и перспективи

Стекнувањето на статус од јавен интерес подолго време го окупира вниманието на Сојузот на здруженијата на пензионерите во Македонија, но барање за добивање на таков статус сè уште не е поднесено.

Правната рамка на стекнување со статус од јавен интерес е содржана во Законот за здруженија и фондации, а исто така правна основа за стекнување со овој статус има и во предлогот за донесување посебен Закон за пензионерско организирање, кој очекуваме во најскоро време да биде предмет на разгледување на Владата на РМ, а потоа да биде даден во собраниска процедура.

Како што е познато во досегашната практика интересот за добивање на овој статус сè уште е незначителен. На што се должи тоа?

Имено, првото доброволно здружување на граѓани за постигнување на одредени цели се формирало во Англија (1601) и тоа како помош на сиромашни, како едукација на деца без родители, на затвореници и на заробеници, додека зачетоците на граѓанското општество во Р Македонија се појавуваат на крајот на 19–ти век и почетокот на 20–ти век, а својот подем го добива по осамостојувањето на РМ, така што во денешно време имаме 11.457 здруженија и фондации.

Исто така, познат е фактот дека стекнувањето на статус од јавен интерес може да се реализира и без организацијата да има стекнато статус од јавен интерес, како што е случај со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Имено, во дејствувањето на Сојузот се разните форми на културно–уметнички и забавни дејности во зачувување на културното наследство, практикување на аматерски спортски активности и игри меѓу пензионерите, хуманитарна и волонтерска активност коишто услови се утврдени со Законот за здруженија и фондации (член 76). Истите се содржани и во Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Во Законот за здруженија и фондации утврдени се и одредени бенефиции, надзор, контрола, престанок на статусот од јавен интерес како и постапката за добивање на тој статус.

Примарна цел на стекнувањето на статусот од јавен интерес е добивањето доверба во јавноста, на дополнителни донации и олеснувања, вклучување и на државата, а тоа повлекува и индиректни бенефиции (најчесто донации). **Државата преку дејствувањето на организацијата препознава дека таа е блиску до граѓаните и ако поседува авторитет може да добијат средства и од приватни фирми. За да се стекне статус од јавен интерес треба да се исполнат и условите утврдени со закон како управување, инспекција, ревизија, транспарентност, јавност, стандарди за сметководство, програмски и финансиски извештаи од една страна и добивање дополнителни даночни бенефиции, државно финансирање, имиџ и доверба, од друга страна.**

Од направената компаративна анализа од други земји и од нашиот Закон за здруженија и фондации може да не охрабри фактот што и во странство постои посебен закон за здружување и тоа во: Англија – Велс, Летонија, Полска, Италија. Дејностите кои се одвиваат во другите земји покрај поддршка на старите лица здруженијата прават и промоција на земјата во странство, интеграција во ЕУ, развој на локални заедници и претприемаштво. Како што е регулативата кај нас и во другите земји има утврдени критериуми за формирање на здружение, одземање на статусот на јавен интерес, олеснувања, односно бенефиции кои се состојат во даночни олеснувања, царински олеснувања, грантови и директно финансирање од буџет, вршење маркетинг и користење недвижности.

Имајќи го предвид изложеното, стекнувањето на статус од јавен интерес е предизвик за Сојузот како асоцијација која врши работи од јавен интерес со голема доверба во јавноста и меѓу граѓаните, која се финансира од членарината на своите членови во здруженијата. **Битно е дека Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ги поддржуваат и промовираат реформите во даночните закони за дополнителни поволности за здруженијата на граѓани, бидејќи ако тоа го нема изостанува поттик да се аплицира за добивање статус од јавен интерес, бидејќи ќе имате само обврски односно задачи кои ќе сакате, но нема да можете успешно да ги извршите. Уште минатата година се разгледуваше Националната стратегија за соработка на Владата на РМ каде што беше најавена измена на законите каде што се уредуваат даночните поволности за здруженијата на граѓани, како императив за развој и за унапредување на гаѓанскиот сектор.** Така, во најскоро време се очекуваат реформи во повеќе закони како: Законот за додадена вредност, Законот за персонален данок на доход, Законот за спонзорства и донации во јавните дејности, како и Законот за давање на сервисни услуги и реформи во системот на државното финансирање со што ќе го зголеми и интересот за добивање на статус од јавен интерес. **Во сегашниот момент тој интерес би бил само имиџ и доверба.**

**Но, како што одминува времето работите во граѓанскиот сектор се менуваат и ако граѓанските асоцијации се трудат да бидат поактивни тогаш ќе се подобри и правната рамка, а во тој контекст е и предлогот за донесување на посебен Закон за пензионерско организирање за огромна целна група како што е пензионерската популација.**

Во време на едно динамично општество се повеќе се согледува потребата од вклученост на граѓанските организации во општествениот живот, така што обврските за стекнување статус од јавен интерес ќе се зголемат, а доколку државата влезе во аранжман со овие асоцијации, тогаш таа мора да помогне. Поентата е како сите да добијат, а никој да не биде исклучен.

**Станка Трајкова**

### ЗНАЧАЈНО

**За сегашни корисници на пензија:**

1. Корисник на старосна, семејна и инвалидска пензија е должен секоја промена што влијае на правото, во рок од 30 дена да ја пријави во Фондот на ПИОМ (стапување во работен однос, престанок на школување на децата кои користат семејна пензија, благовремено јавување на контролен преглед ако сте инвалидски пензионер). Ако не ја пријавите промената ќе морате неосновано остварените односно исплатени средства да ги вратите со казнена камата.

2. На корисник на старосна пензија може да му се определи нов износ на пензија, ако навршил најмалку една година стаж на осигурување по остварувањето право на пензија, доколку е поповолно за корисникот на пензија.

3. Најнискиот износ на пензија и минималната старосна пензија не може да биде предмет на извршување и обезбедување освен за побарување по основ на издржување утврдено со судска одлука и дадена согласност од корисникот на пензија и тоа најмногу една третина од нејзиниот месечен износ.

4. Паричниот надоместок за телесно оштетување не може да биде предмет на извршување и обезбедување.

**За идни корисни на пензија:**

1. Барање за остварување право на старосна, семејна и инвалидска пензија може да поднесете 30 дена пред исполнување на услови за пензија.

2. Право на старосна, семејна и инвалидска пензија, паричен надоместок за телесно оштетување, се здобива од денот на исполнување на условите доколку барањето е поднесено во рок од 6 месеци по исполнување на условите за пензија. Ако барањето го поднесете по истекот на рокот од 6 месеци, правото на пензија следува само за 6 месеци наназад.

3. По остварување право на пензија и потпишување на пристапница за Здружението на пензинери каде живеете, станувате член на тоа здружение и можете да ги остварите правата и поволностите што ги дава здружението и можност да се вклучите во нивните активности.

Бидете активен пензионер и приклучете се.

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Внесување ред во плаќањето

Две прашања, што се однесуваат до имотот на Фондот на ПИОМ, почесто се на дневен ред во работата на Управниот одбор. Причината е едноставна, тоа е водење грижа за сопствениот имот од една и подобрувањето на стандардот за живеење на станарите во пензионерските домови, од друга страна. Така, и на последната седница на УО, се расправаше за пензионерските станови во 14 домови, со колку што располага Фондот на ПИОМ и издадениот простор под кирија на фирми за разна намена.

Од вкупно 37 домови за живеење на корисниците на пензија во Република Македонија, Фондот стопанисува само со 14 домови (вклучувајќи го и Домот во Чаир, преземен од октомври лани), во кои има 389 стамбени единици. Со останатите 23 домови стопанисуваат здруженијата на пензионери во Републиката.

Домови со кои стопанисува Фондот, има во: Аеродром – Скопје со 142 станови, во Ѓорче Петров – Скопје со 30, потоа во Автокоманда – Скопје со 44 станови, во Чаир каде има 48, па во Прилеп со 20, Делчево со 13 станови, во Гевгелија со 16, Пробиштип 9, Виница 3, Крива Паланка 10, Кочани 8, Свети Николе 9 и во Гостивар во новиот дом со 16 и во стариот дом со 21 стан.

Сега, становите се целосно искористени, додека пак, во Скопје дури и се чека подолг период за сместување на корисниците на пензија кои ги исполниле условите за сместување во домовите за живеење на корисниците на пензија. Во домовите се сместуваат само корисници на пензија, а наплатата која е со задршка на пензија тече без проблеми, така што процентот на наплата за 2012 година изнесува 99,31%.

Сосема малиот дел за наплата што недостасува до 100%, произлегува од нередовно плаќање на закупнините од страна на затекнати станари (со преземањето на домовите во 2001 година), кои не се пензионери и не склучиле договор со Фондот. Такви станари имаме во следните домови: во Ѓорче Петров – 3, Аеродром – 1, Прилеп – 3, Гевгелија – 1, Крива Паланка – 2, Кочани – 1, Свети Николе – 2, Гостивар – нов дом – 3 и Гостивар – стар дом – 2 и сега во Чаир – 2. За таа цел, правната служба веќе достави документација за покренување на постапка за наплата и иселување на станар сместен во домот за живеење на корисници на пензија во Гевгелија, како и 5 опомени до нередовните плаќачи на закупнините.

Но, за жал, алармантна е состојбата со Пензионерскиот дом во Прилеп, во кој што од 20 станови, само во 8 се сместени корисници на пензија, а останатите се узурпирани од деца на починати корисници на пензија. Домот во Прилеп иако е преземен од Фондот на ПИОМ, сепак во катастарската евиденција сеуште се води на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, а во 2008 год., еден стан е продаден врз основ на договор за закуп. Јавното претпријатие, пак, официјално не го има предадено Домот во Прилеп на стопанисување на Фондот на ПИОМ согласно член 185 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, така што не е во можност да презема мерки и активности за надминување на состојбите во домот во Прилеп.

За надминување на оваа состојба, Владата формираше работна група составена од претставници на Фондот на ПИОМ, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за катастар на недвижности и ЈП, со цел да изготви информација и предложи мерки и заклучоци во врска со статусот на пензионерските домови во Републиката. Дел од предложените мерки и заклучоци Владата ги има прифатено и во тек се активности за надминување на состојбите со домовите за живеење на корисниците на пензија.

Што се однесува до расположливиот слободен деловен простор, тој е огласуван според Правилникот за издавање на деловен простор под закуп, но и поголемиот слободен простор не е издаден поради неатрактивност на локациите. Деловниот простор кој го користат здруженијата на пензионери во домовите и клубовите е без закупнина.

За минатата година, Фондот на ПИОМ има фактурирано кон закупците на деловен простор износ од 15.455.576,76 денари и наплатено 15.968.152 денари, или тековната наплата е 97,72 %, што претставува подобрена наплата за 17,71% во споредба со истиот период од 2011 година. Исто така, во овој период, од вкупно пренесените побарувања од претходен период во износ од 1.628.096 денари, наплатени се 971.245 денари, или 59,71% од пренесените побарувања, а е пресметана и задолжена камата за доцнење на плаќање во износ од 65.144,20 денари и наплатено е 44.333,75 или 68,05%.

За целосната наплата, Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, презема постојани мерки за подобрување на процентот на наплатата со опомени, пресметка на камата и утужување на закупците кои доцнат со плаќањето на закупнината. Заради нередовно плаќање покренати се и судски постапки против 4 правни лица – закупци на деловниот простор во висина од 575.361 денар, од кои 161.122 денари како основен долг и камата за доцнење во износ од 14.070 денари. Испратени се и 43 опомени и 5 известувања за раскинувањето на договорот за закуп.

Внесувањето ред во редовната наплата за закупениот простор, и понатаму ќе биде во центарот на вниманието, за што се преземаат активности истата да продолжи и во оваа година.

**м-р. Снежана Кутузовска**

# За подобар третман на инвалидите

Инвалидите имаат право на истите права како и сите останати луѓе и право на еднакви можности. Нивните животи се често хендикепирани преку физички и социјални пречки во општеството кои го попречуваат нивното целосно учество. Порадиова тие живеат живот на издвојување и понижување. Надлежните органи во нашето општество прават напори инвалидите да го остварат правото што им припаѓа согласно постојните закони. За жал, најчесто на инвалидноста кај нас се гледа преку бастуни, штаки, слушни помагала и инвалидски колички, а не преку личноста на инвалидот.

Не е непознато во светот, како и кај нас, дека инвалидите се здружуваат во разни организации како побордници за своите права вршејќи влијание врз оние кои донесуваат одлуки во сите сектори на општеството. Улогата на овие организации вклучува и можност да се чуе нивниот глас, да се изрази погледот за приоритетите, да се изврши проценка на услугите, а на крајот и да се изврши влијание врз промената на јавната свест. Ова е потребно и поради фактот што постојат предрасуди кај поголем дел граѓани, дури и кај претставниците на државните институции, па и кај другите асоцијации, и се избегнуваат контакти и лични врски со инвалидизираните лица. Покрај тоа, многу инвалиди се исклучени од активно учество во општеството поради влезните врати кои се претесни за инвалидските колички, скалилата кои не можат да се совладаат, поради непристапноста до автобусите, возовите и авионите, до санитариите, уличните бариери и слично.

Меѓународната развојна стратегија за третата развојна декада на Обединетите нации насочува на посебен напор што треба да се вложи за вклучување на инвалидите во развојниот процес и на преземањето неопходни ефективни мерки за превенција, рехабилитација и изедначување на можностите. Ваквите светски трендови треба да се следат повеќе и кај нас да бидат застапени.

**Ѓорѓи Арсовски**

Седница на Собрание на ЗП Лозово

# Потреба од подобра работа

Со извесно задоцнување Собранието на Здружението на пензионерите на Општина Лозово на 31 мај одржа седница во некомплетен состав. На седницата се разгледани Извештајот за работата на органите и телата на здружението за 2012 година и е усвоена програма за оваа година во која се очекува поплодна работа на општинската организација на пензионерите.

Беше разгледано финансиското работење на здружението за што образложение даде претседателот Тозе Милчев притоа истакнувајќи дека здружението располага со многу малку средства. Во минатата година се остварени само 139.405 денари.

Беше нагласена потребата од поголема соработка со СЗПМ и со локалната самоуправа.

**М.М.**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VI – број 59
јуни 2013 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.


ЈА ПОДОБРУВА ЦИРКУЛАЦИЈАТА
Топ форма за Вашиот ум.
Подобра циркулација, за сила на Вашиот ум
Редовната употреба на Билобил:
Го подобрува протокот на крв во мозокот со намалување на вискозноста на крвта и со ширење на крвните садови.
Ја подобрува функцијата на мозочните клетки со зголемување на искористеноста на кислород и гликоза во клетките.
Помага во заштита на мозочните клетки, со неутрализирање на слободните радикали.
Билобил содржи екстракт од Гинкго билоба
Билобил® интенс 120mg
Bilobil® intens 120 mg
hard capsules/ тврди капсули
20 hard capsules/ 20 тврди капсули
oral use/ перорална употреба
improves memory/ го подобрува помнењето
ХЕРБАЛЕН ЛЕК
www.krka.si
Билобил®
KRKA
Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.
Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

ЗП Свети Николе

# Раководството на средба со градоначалникот



Неодамна Мирко Данаилов пртседателот на ИО и Никола Атанасов претседател на Собранието на ЗП Свети Николе го посетија новоизбраниот градоначалник на општина Свети Николе, и му го честитаа изборот. На средбата тие го запознаа градоначалникот со активностите на здружението и на Сојузот на здружења на пензионери на Македонија чија членка е ова здружение, но и со проблемите кои ги имаат најстарите жители во општината. Раководството на здружението е мошне задоволно од средбата и од ветувањата на градоначалникот Зоран Тасев.

Меѓудругото, тој ветил дека локалната самоуправа ќе партиципира да се обнови фасадата на домот и дека општината ќе помогне да се отворат Клубови на пензионери во Горубинци и Ерџелија, каде пензионерите ќе се дружат и ќе се рекреираат играјќи шах, домино, карти, ќе читаат весници и друго.

Исто така, ветил градоначалникот дека на 35 пензионери ќе им се обезбеди рекреативен одмор во летовалиштето во Дојран сопственост на општината. Покрај тоа во најскоро време ќе биде потпишан Меморандум за соработка помеѓу ЗП Свети Николе и Општината.

– Многу сме задоволни од приемот и од разбирањето на кое наидовме кај новиот градоначалник. Имавме соработка и со претходниот, но ова што ни го вети градоначалникот Тасев е за секоја пофалба. Ова значи дека градоначалникот ги почитува постарите жители на општината и ќе ни помага нашиот живот да биде посодржаен и поквалитетен. Од наша страна ние активно ќе учествуваме и ќе помагаме во се животот во градот да биде како што заслужуваат граѓаните на Свети Николе, бидејќи факт е дека меѓу нас има искусни и стручни лица за многу области од животот – рече претседателот на ИО на ЗП Свети николе, Мирко Данаилов.

**Вукица Петрушева**

# Електронска здравствена картичка

Почитувани

Ве известуваме дека Правилникот за висината на трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокираната електронска здравствена картичка за здравственото осигурување, како и начинот на нивното плаќање е донесен од страна на Министерството за здравство и е објавен во („Службен весник на Република Македонија бр.68/2012 ) Според член 3 од Правилникот.

Висината на трошоците за издавање на електронска картичка за здравственото осигурување изнесува 250,00 денари, освен за невработени лица, пензионери со нето пензија до 15.000,00 денари, самохрани родители и деца без родители и родителска грижа до 18 години, како и за лицата осигурани преку нив, изнесува 100,00 денари.

**Лицата кои се корисници на социјална парична помош и членовите на нивните семејства и лицата корисници на постојана парична помош се ослободени од трошоците.**

Висината на трошоците за замена на загубена или оштетена електронска картичка за здравственото осигурување за сите осигурени лица изнесува 250,00 денари.

Висината на трошоците за повторно активирање на блокираната електронска картичка за здравствено осигурување, изнесува 100,00 денари.

Невработените лица пензионерите со нето пензија до 15.000,00 денари, самохрани родители и деца без родители и родителска грижа до 18 години, како и за лицата осигурени преку нив исто така и за лицата кои се корисници на социјална парична помош и членовите на нивните семејства и лицата корисници на постојана парична помош се ослободени од трошоците за повторно активирање на блокираната електронска картичка за здравствена осигурување

Согласно истиот правилнк уплатата на средствата за електронска здравствена картичка заклучно до 30.06.2013 година треба да се врши на доле наведената сметка.

**Примач: Трезорска сметка Министерството за здравство,**
**Банка на примач: НБРМ,**
**Сметка: 100000000063095,**
**Сметка на буџетски корисник единка корисник: 190010043478719,**
**Приходна шифра: 723819,**
**Програма: 10**

По истекот на горе наведениот временски период за уплатата на средствата за електронска здравствена картичка ќе бидете дополнително известени

**С.Т.**

# Низ лексиконот на матурантите од 1963 година



На 8 јуни 2013 се одржа Генерациска средба на матурантите од гимназиските паралелки од далечната 1963 година кои обележаа 50 години матура. По тој повод ги посетивме во Гимназијата "Гоце Делчев" во Куманово, а разговорот и прославата продолжија во ресторан во градот. „50 години од Матура е голем јубилеј. Тоа е еден животен век по зрелоста во Гимназијата „Гоце Делчев".

– Далечната 1963 година требаше да биде најдолгото лето пред изборот на животната професија. Завршивме два класа по 16 ученика (45 ученика повторуваа). Таа година беше катастрофалниот земјотрес во Скопје. Ја делевме несреќата со сите. Во Скопје работеа луѓе од цел свет за расчистување на урнатините и градење на бараки за живеење. Се запишувавме во скопскиот парк во голем шатор, каде беа сместени факултетите. Во тогашна Југославија бевме испратени од Скопје во Белград, Загреб, Љубљана. Со стар кофер и големи желби се упативме во светот. Бевме прифатени со големо пријателство и љубов. По завршувањето, некои се вратија дома, некои останаа каде што студираа. Да се слави 50 години од матура, мораш повторно да ги изодиш сите патеки во сеќавањето до денешното време, кои секогаш не биле милозливи, лесни, проодни. Требаше многу да се помине, прескокне, заобиколи, да се премолчи, отстапи, избрише, одболедува, одзборува, искаже... Цел живот создаден од убави мали нешта, ситни стакленца од мозаик со убава рефлексија, но и по некое замаглено стакло во осамена соба. Животот е најубава појава, но брзо поминува. Работниот век брзо помина и веќе бев во пензија. Пред мене беше нов предизвик и почеток. Многу драги луѓе ги снема од мојот живот. Морав да најдам нов колектив. Почнав да се дружам со пензионерите и да ги осмислувам, реализирам младешките желби. Сега кога ќе се свртам наназад, велам дека не беше залуден мојот живот, кој остана зад мене. Треба уште многу да изодам, уште многу места да видам, уште могу работи да завршам, уште многу зборови да кажам, уште многу љубов да дочекам. Со пензионерите секогаш е многу занимливо. Генерациски средби пак, секогаш се интересни, а посебно е интересна вакваа јубилејна. Прославата започна пред Гимназијата со поздравување, бакнување, заедничко фотографирање и понекоја солза" – ни раскажа Мирјана Насковска. Сегашниот директор на Гимназијата, Љубиша Николиќ и поранешниот професор Драган Цветковиќ ја збогатија прославата. со своето присуство. Потоа следеше дружење со прекрасна музика. На лист хартија, како споменар во младоста секој напиша по некој свој впечаток.

„Горд сум на оваа генерација"– напиша Благе Младеновски.

„Незаборавна средба. Нешто убаво што ми се случило оваа година тоа е оваа средба, која никогаш нема да ја заборавам. Убаво би било вакви средби да се почести"– напиша Ратко Петровски.

„Во мигов кога ги гледам моиве драги некогашни соученици, а сега колешки и колеги пензионери, чувствувам неизмерна радост и задоволство што временската дистанца и просторната оддалеченост не успеаја да не турнат во заборав. Истовремено сакам да изразам благодарност и признание до организаторот на средбава, што со изразен ентузијазам и упорност направи да се чувствуваме сите заедно весели и исполнети – напиша Младен Младеновски.

„Сакам вакви средби да се одржуваат почесто, бидејќи годините ни го диктираат тоа темпо на живеење" напиша Стефан Крстевски.

„Фала му на Бога што ни подарил живот да го дочекаме и овој незаборавен момент" – напиша Иван Крстиќ.

„Животот е убав, ме вративте во младоста" напиша Момчило Јаниќ.

„Те сакам генерацијо моја, сега и засекогаш" – напиша Љубица Гојковиќ.

„Во траен спомен ќе се сеќавам на овие мигови што ги поминав со оваа ваша генерација. Благодарам" напиша професорот Драган Цветковиќ.

Зборовите за впечатоците ќе останат до повторна средба договорена за догодина.

**Ј. Ивиќ**

# Златната матура беше златна



На 25 мај, во Штип, генерацијата на завршени ученици на некогашната Учителска школа „Гоце Делчев" од учебната 1962/1963 година, ја одбележа својата 50 годишнина од матура.

На јубилејната средба на некогашните ученици на „Штипската учителска Сорбона", иако веќе 70–годишни луѓе, сите пензионери, присуствуваа, за вакви прилики, рекорден број од 65 матуранти и 5 нивни професори. Целокупниот тек на средбата помина во прекрасна и весела атмосвера. Иако кај сите присутни, прикриено, но сепак забележливо, се чувствуваше и жал за младоста, средбата беше вистинска ода на радоста.

По завршувањето на „Златната генерациска средба", спонтано се наметна општата констатација – сите присутни славеници беа воодушевени и пресреќни од средбата, но и дека погрешија и многу пропуштија, сите живи и здрави, кои не беа на средбата!!

**С. Стефановски**

# „Младенци" во пензионерски дом



Никогаш животот не може докрај да се испланира. Што ќе донесе утрото се уште никој не предвидел и не погодил. Затоа, меморијата за минатото е исполнета со многу настани, со многу убави случувања, со радувања, со проблеми и тагувања. Такви биле и животите на Верка – Верче Костова (60 години) и на Иван Цветановски (74 години) кои од неодамна решија заедно да чекорат и да го живеат останатиот дел од животот. Судбината така сакала двајцата да останат без своите сопружници и бегајќи од самотијата и депресијата нашле меѓусебно разбирање и зближување по нивното запознавање од пред еднаипол година.

– Откога ме напушти мојата животна сопатничка, ме нападна тагата, депресијата и осаменоста, особено за време на викендите кога и моите најблиски не беа во можност да седат со мене за да ми ги ублажат овие разурнувачи на душата и на животот во целина. Тогаш си побарував нова другарка и сопатничка и како Господ да ми помогна да ја сретнам Верче, која низ слични маки поминуваше, – раскажува Иван за својата судбина и среќата што му се случи од неодамна.

Двајцата задоволни што ги поврзува слично минато и што сега се заедно, решија да излезат пред матичар и да ја официјализираат врската. На нивната венчавка сведоци беа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и најверната другарка на Верче, Цветанка Гапо.

Двајцата сопружници во иднина ќе живеат во Пензионерскиот дом во Аеродром.

**М.Д.**

Златна матура на некогашните ученици од учителската школа во Охрид

# Воспитувачи за навек!



Крајот на мај и почетокот на јуни секоја година е во знакот на училишниот жагор и веселите матуранти што го завршуваат основното и особено средното образование. Се почести и помасовни станаа и одбележувањата на јубилејните годишнини од матурирањето. Така, неодамна, во Охрид заеднички класен час, 50 години по матурата одржаа и учениците од некогашната учителска школа „Андон Дуков" во Охрид.

На средбата се собраа скоро половина, педесетина, сега пензионери од првата генерација што целосно го заврши педагошкото образование овде. Од Белград дојде и професорката по биологија Радмила Спировска, а меѓу бројните учители пристигна и Васе Тодоровска од Австралија, Илија Пацевски од Виена, Ведат Хасан од Истанбул... Средбата по 50 години претставуваше убава прилика за оживување на спомените и посебна возбуда за препознавање на ликовите со кои се седело заедно во училишните клупи. Сите нагласуваа дека тоа беше генерација на воспитувачи што го проширија просветлувањето и описменувањето на многу генерации млади низ селата на Дебарца, во кичевско, дебарско, струшко, ресенско. Кога тогашниот директор Крсте Ангеловски, сега активен претседател на пензионерското здружение на Скопје, ги охрабри дека сега сите се во иста позиција, како пензионери, навираа сеќавања за лажните боледувања и оправданија, за мали тајни при преписувањата...

Освен тогашната учителска школа, името на првоборецот Андон Дуков, кој заврзна во Февруарскиот поход и го даде животот за слободна и независна Македонија во НОБ, во Охрид го носеа и едно резбарско – уметничко ателје и еден авто–камп. Сите згаснаа. Некогашните просветари едногласно и препорачаа на охридската локална самоуправа во идните развојни планови на градот, според Андон Дуков да се именува некое ново училиште, градинка или спомен – парк, со што ќе се зачува споменот за него. Уште поедногласно се договорија на денот на матурирањето вака да се среќаваат секоја година. Додека, ги служи здравјето!

**Ст.Л.**

# Пензионери ќе живеат во конаци

Манастирот „Св.Недела" кај Штип ќе биде населен со пензионери. Конаците на манстирот, познат уште како Мирјанина црква, почнаа да се преуредуваат и во нив ќе бидат сместени пензионери кои го немаат решено станбеното прашање. Манастирот е оддалечен од градот еден километар и се наоѓа во борова шума.

„Разговаравме со владиката Иларион и оценивме дека е добро локалната самоуправа и Брегалничката епархија, во чиј состав е манастирот, да ги преуредат конаците што се во изградба и тие да се адаптираат во соби за живеење на загрозени пензионери", вели градоначалникот на Штип, Илчо Захариев.

Иницијативата веќе е прифатена и од Здружението на пензионерите, чии претставници го посетија манастирот.

„Овде можат да се сместат 30–мина пензионери врз основа на нашите критериуми. Во долниот дел има простор и за кујна. Тука може да се организира и народна кујна за да ја користат и другите сиромашни и социјални случаи, велат претседателот на штипските пензионери, Михаил Василев, и неговиот заменик Коста Штерјов.

Конаците ќе бидат решение само за најзагрозените пензионери, додека за другите се предвидува изградба на дом за стари лица, во населбата Дузлак. До локалната самоуправа беше доставено барање на пензионерите да им се додели 5.500 квадратни метри, на колку што треба да се гради пензионерскиот дом, со капацитет за 93 пензионери. За новиот и прв дом за стари лица во Штип, Здружението веќе обезбеди 600.000 евра. **(„Избор")**

# Спомени: Наум Наумовски - Борче

Највисокиот град на Балканот, Крушево, спаѓа во редот на оние градови за чие минато најмногу се пишувало. Овој е град револуционер кој што и во Илинденското востание и во НОБ даде голем број херои. Еден од нив беше и Наум Наумоски – Борче.

Наум Наумоски – Борче роден е во Крушево во 1920 година. Уште од својата рана младост се вклучи во напредното работничко движење. Тој во Белград, каде што живееше извесно време пред Втората светска војна, го калеше својот револуционерен дух и ја челичеше својата револуционерна природа. Во НОБ учествуваше уште од почетокот, а во април 1941 година како секретар на месниот комитет на КПЈ, за Крушево работи на организирање на населението за вооружен отпор против окупаторот.

Тој беше непоколеблив, решителен, снаодлив и храбар и најмногу работеше на масовувањето на редовите на СКОЈ. Во единиците на НОБ се наоѓаше на повеќе политички функции и тоа од политички комесар на партизанскиот одред „Питу Гули", потоа на бригада, дивизија, се до политички комесар на XV корпус на НОБ на Југославија.

Борче и по војната заземаше високи функции во општествено–политичкиот живот.За неговата революционерна активност и храброст во НОБ одликуван е со орден Народен херој, а крушевската гимназија го носи неговото име.

Умре во Скопје 1960 година.

**Мито Илиески**

Републичка ревија на

# Завет за чување на

На 4–ти јуни околината на Универзалната сала во Скопје беше во необично колоритно руво и несекојдневни привлечни бои. Уште од раните утрински часови се слеваа учесниците на Републичката Ревија на песни, музика и игри – 2013. Оваа најмасовна културна манифестација и оваа година повторно се одржа под покровителство на министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска и градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски. Настанот уште повеќе доби на значење што оваа културна приредба на пензионерите од целата Република се одржа и во знак на одбележувањето на 50–годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес, на кој најмногу се сеќаваат токму припадниците од третата животна доба.





ЗП Прилеп



ЗП Карпош

Ревијата започна со лична творба на поетесата пензионерка **Лидија Лучко - Јеремиќ,** која низ стихови ги искажа разурнувањата и страдањата што настанаа пред 50 години и издигнувањата што се случија со солидарна помош од многу градови, од многу држави, од могу хумани луѓе и институции, кои во најтешките моменти помогнаа и придонесоа Скопје како феникс од пепел да се издигне и да стане вистинска метропола.

На почетокот претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** ги поздрави учесниците и гостите, меѓу кои беа и претседателот на ССМ д–р Живко Митревски и директорката на Универзална сала м–р Вера Бошковска и укиажа на значењето за враќање од заборав на многу стари изворни песни и ора, на музика од карактеристични изворни инструменти и разнобојни носии и облеки кои го изразуваат потеклото и идентитетот на припадниците на нашите етнички заедници.

За значењето на оваа мултикултурна манифестација говореше и министерката за култура **Елизабета Канческа - Милевска**, која посебно го нагласи придонесот на пензионерите во зачувувањето на богатото културно наследство и нивната мисија во пренесувањето на овој аманет на младите генерации. Заради тоа, Министерството за култура шестте регионални ревии и Републичката ревија на песни, музика и игри оваа година ги прогласи за културни манифестации од државен интерес.

Ревијата започна со голема симболика, со песната на мешаниот хор од ЗП Прилеп „Ајде да се сплотиме", како израз и повик на сите генерации за взаемно почитување, за дружење и помагање, за солидарност на младоста во ползување на мудроста на старите, за активно стареење...

Потоа, почнаа да се редат учесниците кои на регионалните ревии се покажаа во најдобро светло. Здружението на пензионери Ѓорче Петров го претстави **Стево Ѓуровски** со песната „Дејѓиди млади години" и потсети на младоста која така брзо помина. Хорот „Серенада" од ЗП Карпош ја исполни песната „Си заљубив едно моме", а ЗП Тетово и овојпат ја прикажа својата мултиетничност со албански обичај и пеење песни на албански јазик, при што во вториот дел, групата „Билкарки" пееше и играше македонско оро.

Мошне интересен сценски и колоритен настап со „Песна за Охрид" и оро имаше Градскиот мешан хор од ЗП Охрид, додека пак претставниците од ЗП Битола со соло пејач во придружба на мешана пејачка група и песната „Вардар Пирин кај ти е, Вардар Егеј кај ти е", ги побудија патриотските чувства кај публиката и измамија бурен аплауз. И, повторно уште една потвр–



ЗП Пробиштип



ЗП Берово



ЗП Штип



ЗП Тетово



ЗП Гостивар




ЗП Кочани



ЗП Охрид



ЗП Ѓорче Петров



ЗП Шуто Оризари



ЗП Битола



ЗП Македонски Брод



ЗП Струмица

песни, музика и игри 2013

# културното богатство



ЗП Радовиш



ЗП Крушево




ЗП Делчево

да на мултиетничкиот карактер на Ревијата даде ЗП Дебар со своите претставници **Џеват Лимановски**, кој во придружба на **Фида Зијадин**, ја исполни песната „Јано мори Севдалино”.

Обичаите како дел од секојдневниот живот и како вредност што го чува идентитетот свој приказ најдоа и во настапот на ЗП Пробиштип, чии учесници облечени во старински носии мошне фигуративно го доловија обичајот на лозарите. Изведбите и кај останатите учесници, помалку или повеќе, беа одраз на обичаите и на културното наследство на нашата земја и на поднебјето од каде доаѓаа. Тоа можеше да се препознае и во настапите на: ЗП Македонски Брод со солистот **Бранислав Марковски** и песната „Многу мерак имам бабо”, ЗП Берово „Зошто либе ме остави” со соло и мешана пејачка група, ЗП Штип „Розо моја” – мешана пејачка група, ЗП Македонска Каменица „Нешо пиле Нешо” – трио, ЗП Кочани – Фолклорна група – „Осоговско оро”, ЗП Шуто Оризари – свадбен обичај и така натаму.

Со новокомпонираната песна „Македонијо незаборавна” со соло и мешана пејачка група се претстави ЗП Струмица, додека ЗП Св. Николе со песната „Бела рада лозје копа” и карактеристичниот викоечки трио. Потоа плетенката од стари убави обичајни и традиционални песни и ора докрај ја исплетија со своите настапи: ЗП Радовиш – „Штом ноќта помина” – мешана пејачка група; ЗП Крушево „Крошо за ностра аводота” – влашка песна; ЗП Делчево – „Море подај тамбура Дафино” – мешан хор; ЗП Солидарност – Аеродром – со оро „Црногорка”; ЗП Кисела Вода – свадбен обичај – доаѓање на кумот, дарување...; ЗП Гостивар – „Зошто си ме мајко родила”, на албански пееја браќата **Фариз и Иљаз Лимани** во придружба на кавали и песната „Ангелина” – **Елена Јакимовска**; ЗП Кавадарци – „Дигни си Маре мори очите” – мешана пејачка група; ЗИП Кавадарци – „Цела тајфа бевме Лино” – **Трајче Лазаров**; ЗП Центар – „Оро се вие”, „Момите мамо момите”, „Брала мома капини” – мешана пејачка група; ЗП Велес – „Разболела се Ленка Пингова” – мешана пејачка група; ЗП Куманово – песна и оро – фолклорна група; ЗП Богданци „Елај ми Величе” – мешана пејачка група; ЗП Валандово „Душо моја” – пејачка група.

Сите учесници со своите настапи, со своите песни и ора, со прикажувањето на обичаите и на традициите, испратија единстваена порака за сплотување и за чување на она со векови што го имаме и што ни припаѓа. Дека пораката беше сфатена и на крајот се покажа, кога воените пензионери, громогласно пееја и војнички се заветија дека сите ќе го чуваат нашето културно богатство, нашиот идентитет и нашата Македонија. Присутните ја прифатија песната и цела сала пееше: „Ништо не те плаши Македонијо...”

Ревијата ја следеа повеќе од 1500 граѓани меѓу кои и млади и дечиња. Најдобрите учесници од здруженијата на пензионери, настапуваа под будното око на селекторот, искусниот ТВ режисер **Томче Стојков**. Исто така, Ревијата мошне иснпиративно ја водеше познатата новинарка **Цветанка Илиева.**

Дружењето на пензионерите продолжи во хотелот „New Star”, каде на учесниците благодарници им доделија претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и претседателот на ГСЗП **Крсте Ангеловски**, како домаќин на Ревијата..

**М. Димовски**



ЗП Кавадарци



ЗП Велес



ЗП Куманово




ЗП Солидарност - Аеродром



ЗП Македонска Камница



ЗП Валандово



ЗП Кисела Вода



ЗП Центар



Здружение на воени пензионери



ЗП Богданци



ЗП Дебар



ЗП Свети Николе



Инвалидски пензионери - Кавадарци



ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Парадоксот на Диоген

*„Ако сакаш да видеш Бог, прво мора да видеш распнат".*

Неодамна, на една книжевна промоција, отскраја забележав една жена на пристојна возраст, која од тој агол ми заприлега на госпоѓа **Тамара Арсовска**. Ја загледував дискретно и сфатив дека сличноста е исклучителна, но таа сепак не беше **претпоставената** личност. Сеедно, од моите дамнешни слики во свеста и потсвеста живо изрона сензација на маж и жена, кои сум ги среќавал често и обврзно во пар. Беа тоа уважениот книжевен творец, – **Томе Арсовски** и неговата верна придружничка со која секој чекор од животниот пат – **го врвеа буквално заедно.** Јас не паметам некаде да сум го видел едниот без другиот. Секогаш, рака под рака, тивки, љубезни, достоинствени. Им се восхитував. Времево ли, изменетите навики, отуѓеност ли, направија ваквата слика да стане реткост. Затоа е возбудлива. Но, веќе го нема драгиот Томе, кој низ дебелите стакла на очилата, луѓето ги гледаше пријателски. **Почина на 22. април 2007 година во Скопје.**

Ме вознемири мислата дека сѐ уште не сум напишал книжевен прилог за него и неговото дело, кој ќе биде, ако ништо повеќе, барем непомирливост со заборавот. **Томе Арсовски (23.09.1928 година Косовска Митровица) поет, раскажувач, романсиер, драмски писател,** одговорно се однесуваше кон творештвото за возрасни, **а кон децата и младите посебно, како сегашни и идни читатели**.

Се најави со стихозбирката **Грст смеа (1958).** Драмата **Александра,** истата година, ја посочи неговата главна творечка преокупација: **драмскиот жанр.** На едно предавање пред професорите по македонски јазик и литература во средните училишта, кроки го исцрта својот творечки профил: *„Јас не сум театр творчар, ниту педагог, ниту режисер, - јас сум писател. Мојот инструмент е зборот, а дијалогот е мојата машина со која го ставам во движење мојот уметнички свет*. ***Драматургијата е мојот дом".***

Оттука, разбирливо е дека **драмското писмо** ќе заземе клучно место во неговата разнородна **библиографија: 11 драмски дела, 4 ТВ драми и една ТВ серија, 3 драмски игри за деца и млади.** Вкупно, **19 драмски наслови.** Поетскиот и раскажувачкиот дел вклучуваат **една стихозбирка и 2 поеми, 3 збирки раскази и 3 романи; 2 стихозбирки и 7 романи** за помладите.



Високите признанија: **11. Октомври, 13. Ноември** (за животно дело), **Златно перо, Кочо Рацин, Свети Климент Охридски,** ги заслужи без **„лигави братства"** (**М. Кундера**) за да искамчи награда. Филолошки факултет заврши во Скопје, повеќе од 30 години работи како **драматург** во **РТС**, односно **МРТВ**. Член е на ДПМ од 1959 година. Бил и негов претседател.

Драмата **Парадоксот на Диоген,** несомнено спаѓа во редот на најдобрите остварувања од овој, според познавачите, **најтежок жанр.** Таа е поставувана на сцените низ нашата Република, но и на сцените на поранешна Југославија, изворедно е примена на Стериното позорје, а **Бранко Ставрев ја постави и во Братислава,** во рамките на меѓународната соработка на **МНТ**, во делот за реципрочна размена на текстови и режисери. Според востановената пракса, **Националниот театар од Словачка** ја прикажа таа поставка пред нашата публика, која ги награди уметниците со бурен аплауз.

**Не треба да збунува фактот дека пристапот кон Драмава започнува со изведбите.** Драмите, всушност, за тоа и е се пишуваат: да бидат **прикажани, да возбудат и да потрпашаат по нешто.** Тие не се само забава, многу повеќе огледало во кое ќе го видиме одразот на образот и нашите обноски, какви и да се. *„Не лути му се на огледалото, ако ти е грдо лицето"!* (Н.В.Гогољ)

Лесно ќе ја откриеме врската меѓу старогрчкиот филозоф **Диоген од Синопа (413- 323 година п.н.е)** најдоследниот ученик на Сократовата школа на цинизмот, од една, и **Драшко Каровски** од друга страна. Диоген, запрепастен од расипништвото на Атињаните, се одрекол од сѐ освен од неопходното: една тога, стап, една чаша од која пиел и едно буре во кое спиел. Од чашата се откажал откако видел како децата пијат со грсти. Згрозен од корупцијата и заговорите во општеството, дење излегувал на плоштадот и **со запален фенер го барал Човекот.**

**Драшко Каровски**, штотуку дипломиран инженер архитект во Љубљана, најдобар во класата, вљубен во **Борика Корда** од Горење, и таа во него, ама не смогнале навреме да го минат прагот на пријателството и да си ја признаат љубовта. Драшко во Скопје се вработува во Заводот за висока градба. Веднаш се видело дека е креативен, работлив, доследен, затоа и почитуван: **„нашиот Корбизие".** Борика ќе дојде во Скопје по шест месеци. Драшко веќе е оженет со **Даница**, девојка од скопската калдрма. И неговите родители и пријателите се против таа врска. Ги отфрла предупредите, зашто верува дека секому може да му се случи несреќа или грешка и има право на втора шанса. Првиот судир со претпоставените ќе избие кога ќе побара стан, да си обезбеди *„материјална слобода"* што ќе му овозможи непречено да создава. Околината тоа го разбира како вообразеност и разгаленост. Драшко го условува своето останување во Заводот со станот. Директорот, за да го задржи, мора да му го даде оној што си го планирал за себе. Сплетките и завидливоста станаа фолклор. Самиот бара да биде преместен од раководител на проектантското студио – во оперативна, да го реализира својот амбициозен проект, хотелот **Сплендид,** кој во она време кошта фантастични милијарда и триста милиони динари. Се работи денонокно, бетонирањето да заврши пред зимата. Разочаран и дезориентиран, почесто не е на објектот. Една вечер, кога не е таму, два столба попуштаат и хотелот се руши. Експертизата утврдува: во проектните документи нема никаква грешка. Причина за несреќата е лошата изведба: искривена арматура и слаб бетон. Тоа нема да го ослободи Драшко од судски процес во кој ќе се буричка низ неговиот живот. Ја призна одговорноста, но не можеше да се помири дека со хотелот се урна и највозвишеното во него: **не го пронајде Човекот.** Го загуби занесот, вербата во себе и во другите, **посоката:** *на која страна да се свртам, гледам луѓе со две лица.* ***Сфаќа дека сѐ се проступа, освен успехот.***

Драмата нема затворен крај. Чуму? **Секој гледач ќе донесе своја пресуда.**

**Борис Шуминоски**

Елена Кољамовска, Пустец

# Немирен дух



Средбата со Елена Кољамовска, претседателка на Активот на жени во општина Пустец – Албанија се случи таму при неодамнешната посета на ова место. Нејзиното насмеано лице со посебен израз на пријателство и подготвеност за комуникација го привлече нашето внимание и така се роди желбата за разговор. Оваа неуморна жена, за која може да се рече дека е синоним на добра домаќинка, жена со ведар дух и позитивна енергија, постојано е во движење, организира екскурзии по разни поводи и најразлични натпревари со жените и пензионерите и во сите активности се дава максимално од себе.

– Иницијативата за формирање организација на пензионери е во тек – почна да раскажува Елена. Ќе ја прошириме и во местата каде што живеат Македонци, како Корча, Голо Брдо, Елбасан, Гора и други, а се со цел да ги поттикнеме пензионерите на активен живот. Но сите тие наши активности одат многу бавно, зошто не располагаме со материјални средства. А од друга страна, сите тие лица се концентрирани во борбата за опстанок – вели Елена.

Тука Елена важи за голем работник и пред се за одличен другар, која секогаш е подготвена да ги подучи помладите и да им помогне на постарите. Амбициите и немирниот дух што ги поседува не и дозволуваат да мирува, а да не се дружи со луѓето. Таа е уверена дека резултатите бездруго ќе уследат и вистински ќе ги насочи луѓето, претежно за помагање на изнемоштените и болни лица. Покрај сето тоа, таа сите тие години ги посветила на негување на нашата богата традиција и култура.

– Свесна сум, не само јас, туку сите ние тука, дека треба да го зачуваме мајчиниот јазик, како еден од столбовите на идентитетот на еден народ, за да може таа љубов да им ја пренесеме подоцна на помладата генерација и да стане нивно скапоцено богатство. А во исто време сме многу горди што старите лица не подлегнале на притисоците и сето тоа не бодри и поттикнува да се бориме за правата на пензионерите зошто тие живееле во тешки услови.

Потоа, Елена раскажуваше за животот некогашен и денешен во Пустец. Се потсетуваше на тешкотиите, но тоа е веќе минато. Тука сега тие имаат училиште, црква, амбуланта, а што е најважно и општината е нивна.

– Нашата соработка со граоначалникот Едмонд Темелко е прекрасна и на високо ниво. Има целосно разбирање за нас и секогаш ни помага. Зошто живееме во рурални услови, а работата во поле, на нива е нашата егзистенција. Екскурзиите, иако малку по број, за секогаш останаа за паметење. Во Охрид, Скопје, како гости на активот на жените од клубот „Живко Брајковски" од Бутел, ги реализираме со помош од општината. Еве денес, жените од тој актив се кај нас и се трудиме да се покажеме како вистински домаќини. Тука, ние се состануваме со жените од активот еднаш во месецот или по потреба, зошто немаме многу време. Разговараме и се договараме за најразлични прашања. Многу сме сложни и еднодушни.

Ја оставаме Елена да продолжи со нивната борба за опстанок и и посакуваме со дружењето и соработката со другите активи на жени да ги споделат тешкотиите кога за миг ќе се разведрат и разменат мислење и искуство.

**Васил Пачемски**

ЗП Каменица

# Масовен пикник во Еленец

Во манастирскиот комплекс „Покров на пресвета Богородица" во месноста Еленец кај селото Цера – Каменичко, во чест на православниот христијански празник „Св Цар Костадин и Царица Елена„ беше организиран вториот по ред пикник на пензионерите „Еленец – 2013„ во чии рамки се одржа и натпреварот во правење баница на традиционален начин, печена под вршник. Илјадници пензионери тој ден – недела втори јуни, уште во раните утрински часови, се упатија по падините на Осоговската планина со стотици автомобили, комбиња и автобуси на молитва, на дружба, на забава, на заедничка трпеза.

– На нашата покана се одзваа сите здруженија на пензионери од Брегалничкиот регион, но и од Скопје, Куманово, Крива Паланка и од други места. За сите нив беше изведена богата културно-забавна програма со учество на фолклорни групи, културно–уметнички друштва, инструменталисти и интерпретатори на народни песни. За учесниците во програмата и за сите гости на овој масовен собир на пензионерите поделивме бесплатен ручек, вели **Видан Коневски**, претседател на ЗП од Македонска Каменица и најавува дека пензионерскиот пикник на Еленец кај Цера ќе биде традиционален.

Во името на СЗПМ собирот го поздрави секретарот на ИО Станка Трајкова.

Во атарот на село Цера на месностите Марина Нива, Побиен Камен и Говедар за време на втората Балканска војна во 1913 година се водела најжестоката борба во познатата битка на Брегалница. Епилогот од овој крвав судир на балканските соседни држави е кобниот договор во Букурешт со кој пред 100 години е распарчено живото тело на Македонија. Петвековно отоманско владеење над македонскиот народ и земја завршува со тројната поделба, со вештачки граници помеѓу Бугарија, Грција и Србија.

Потребно сведоштво за историските настани во овој крај оставил и бугарскиот писател Људмил Стојанов во романот „Колера". Пензионираниот музички педагог и фолклорист **Димитар Узунски**, раскажа една тажна приказна за двајца браќа – Македонци, мобилизирани едниот во бугарската, а другиот во српската армија, кои во екот на битката меѓусебно се убиле прободувајќи се со бајонетите, принудени да војуваат за интересите на туѓите буржоазии.

Тука е изграден и велелепниот манастир посветен на православниот празник „Покров на пресвета Богородица„ во чии конаци се одржуваат два големи црковно–народни собори пролетен и есенски. Пролетниот се одржува кон крајот на мај или во почетокот на јуни во чест на христијанските светители Цар Костадин и на неговата мајка Царица Елена, а есенскиот кон средината на октомври, кога е и храмовата слава на манастирската црква.



– Големо е моето задоволство и им изразувам благодарност на сите пензионерски здруженија за масовното присуство на пикникот „Еленец – 2013" и за учеството во културно–уматничката програма и во натпреварот „Бабина баница". Ја поддржуваме и помагаме организацијата на оваа манифестација со цел да ја афирмираме нашата програма за развој на туризмот. Се надеваме и очекуваме дека овој манастирски комплекс, прекрасните шумски пејсажи, историските споменици, богатството од извори и од лековити билки и шумски плодови, како и хидроакумулацијата „Калиманци„ и Рудникот „САСА" ќе бидат доволен предизвик нашата општина да стане неодминлива дестинација за бројните екскурзии, – истакнува д–р **Дарко Митевски**, градоначалник на Македонска Каменица.

**Васил Маневски**

Делегација на ЗП Прилеп во посета на белгиската провинција Флемиш Брабант

# Размена на искуства за згрижување стари лица

Делегација на ЗП Прилеп во состав Марија Секуловска – локална самоуправа, Дарко Гибарски – Дом за стари лица и Кирил Ѓорѓиоски – претседател на ЗП, неодамна престојуваше во Белгија, поточно во провинцијата Флемиш Брабант. Целта на посетата беше продолжување на воспоставената соработка – размена на идеи и искуства за згрижување на стари лица и пензионери од Флемиш Брабант и Македонија.



– Споделувањето на искуства и знаења е првата причина за интернационалната соработка. Промената на културните и социо–економските услови им помага на експертите да ги гледаат проблемите на еден поинаков начин и да размислуваат за нови пристапи, кои ќе овозможат веројатност за враќање на старите лица во сопствените домови – ни рече претседателот на ЗП и член на делегацијата Кирил Ѓорѓиоски.

Европската заедница нуди пристап до европските фондови што не е неважно во време на рестрикција на буџетите, вели Ѓорѓиоски, надевајќи се дека интензивираната соработка со Флемиш Брабант ќе донесе „попријатен ветер" и за старите лица во Прилеп.

**Што научивте повеќе од разговорите со компетентните луѓе во провинцијата Флемиш Брабант?**

– Провинцијата се обидува да ја подобри ситуацијата и перцепцијата на старите луѓе на многу начини: истражување на потребите на старите луѓе, ориентирање на старите луѓе кон негата и грижата што им е потребна, поддршка на тие лица кои имаат потреба од вдомување и телефонски разговори со изолираните стари и друго, рече претседателот Ѓорѓиоски, притоа додавајќи дека тие сакаат Прилеп да добие нешто од тоа драгоцено искуство што го има провинцијата Флемиш Брабант.

**А. Тасевски**

Новко Петрушевски, активист од ЗП Куманово

# Аматер со професионален дострел

На овогодишниот 48–ми Драмски аматерски фестивал во Кочани, **Новко Петрушевски** е прогласен за најдобар актер за улогата на Максим Бродски во прикажаната драма „Р" од Македонскиот писател Јордан Плевнеш.

Како член на Драмската работилница на КУД „Гоко Симоновски" на Здружението на пензионерите од Куманово, прикажа високо актерство на сцената. Со својата глума зрачеше во текот на целата претстава. Од почетокот до крајот во исто темпо ја ткаеше приказната за судбината на главната личност во делото .

Според коментарите на публиката и познавачите на оваа уметност, како на премиерното издание на претставата во Куманово, така и на сцената во Центарот за култура „Бели Мугри" во Кочани, Новко Пертушевски се претстави како извонреден актер аматер кој прикажа брилијантна улога. Благодарение на неговото сценско мајсторство, целиот ансамбл на Драмската работилница се претстави во посебно издание. Аплаузите на гледачите беа најдобар коментар за неговата улога и, во целост, за прикажаната претстава. Оваа награда дојде во вистински раце. Новко, без сомнение, своето високо актерство го докажа и во толкувањето на ликовите Аџи Трајко во претставата „Ленче Кумановче", поп Спасе во „Шути и рогати" и Константин во „Печалбари", како и во двете кабаретски претстави прикажани од Драмската работилница.



Веруваме дека ова не се крајните дострели на Новко. Наградата што ја доби од стручното жири на ДАФ во Кочани, ја прифати како сатисфакција за вложениот труд и за неговото ангажирање и придонес за успехот на аматерите пензионери од Куманово. И на крајот, како што рече, оваа награда за него претставува голема мотивација со оваа активност да продолжи и во наредниот период.

**С. Николовски**




**НЛБ Сребрен пакет**

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600




**Фиксна телефонија на ONE**

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

Revyali Republikan i këngës, muzikës dhe lojërave 2013

# Pensionistët kënduan dhe luajtën, duke kujtuar edhe tërmetin



Më 4 qershor 2013, Salla universale në Shkup ishte e stërmbushur me pensionistë, por edhe me shikues nga më shumë gjenerata. Revyali Republikan dhe gjashtë revyalet regjionale, për arsye të rëndësisë së tyre janë shpallur për manifestime kulturore me interes nacional, edhe atë për së dyti herë nën patronazhin e ministres për kulturë Elizabeta Kançeska – Mileska dhe kryetarit të qytetit të Shkupit, Koce Trajanovski. Fillimisht, të pranishmit i përshëndeti kryetari i LShPM Dragi Argirovski, ndërkaq revyalin për të hapur e shpalli ministrja e kulturës. Në këtë manifestim dy orësh e gjysmë kulturorë shumë etnik, morën pjesë 30 shoqatat më të mira të zgjedhura nga 47 shoqata të cilat morën pjesë në gjashtë revyalet regjionale.



Në Revyalin Republikan të këngës, muzikës dhe lojërave 2013, të pranishmit u kujtuan edhe në tërmetin katastrofal të vitit 1963, kur shumë veta humbën shtëpitë e tyre, por edhe më të dashurit e tyre.

Pas mbarimit të Revyalit, në kompleksin NEW STAR, të gjitha shoqatave pjesëmarrëse në të, ju ndanë mirënjohje, ndërkaq, shoqërimi vazhdoi ashtu edhe siç filloi me këngë dhe valle.

Në fund të këtij manifestime u ndanë mirënjohje për pjesëmarrësit e shoqatave të vendit .

**Vjollca Sadiku**

# Ministri Dime Spasov, u takua me drejtuesit e LShPM



Ministri për punë dhe politikë sociale **Dime Spasov**, më 19 qershor 2013, u takua me drejtuesit e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë në selinë e Lidhjes. Në këtë takim, përveç kryetarit **Dragi Argirovski,** morën pjesë edhe nënkryetari i Kuvendit të LShPM **Besnik Pocesta,** nënkryetari i KE i LShPM **Metodija Toshevski** dhe sekretari i KE të LShPM **Stanka Trajkova.**

Në fillim të takimit, kryetari i LShPM Argirovski e njoftoi ministrin me disa çështje më aktuale më domethënëse për këtë asociacion më të madh dhe shumë etnik të qytetarëve më të moshuar në Republikën e Maqedonisë.

Ministri premtoi se gjithçka që është e lidhur me këtë popullatë do të përkrahet nga Qeveria dhe prej tij personalisht, kuptohet, në kuadër të mundësive të Qeverisë dhe të Ministrisë.

Bashkëpunimi do të vazhdojë në të gjitha projektet e nisura, siç është nisma për sjelljen e ligjit për organizimin pensionist në shtet, argëtimi klimatik në banja, ndërtimi i shtëpive të pensionistëve dhe i atyre për pleq etj.

Takimi pati karakter për marrëveshje. Ishin marrë vesh për të vepruar bashkërisht në interes të përmirësimit të kualitetit të jetës dhe të standardit të pensionistëve.

**Kalina S. Andonova**

Drejtuesit e pensionistëve të Maqedonisë në vizitë Banjave të Dibrës – Capa

# Projekti qeveritar realizohet pa probleme

Kryetari i LShPM Dragi Argirovski dhe nënkryetari Besnik Pocesta, gjatë vizitës në Dibër, dhanë vlerësimin se projekti qeveritar për argëtim në banja pa pagesë e cila realizohet në katër banjat në Maqedoni, realizohet pa probleme. Në katër banjat në të cilat sipas Ministrisë për punë dhe politikë sociale janë caktuar këtë vit që të argëtohen pa pagesë 10 mijë pensionistë, argëtim realizohet në pajtim me marrëveshjen. Argirovski dhe Pocesta mendojnë se ky projekt i qeverisë ka rëndësi të madhe, posaçërisht për kategorinë e pensionistëve të cilët kanë pensione minimale.

Këtë vit, deri më tani, këtë të drejtë e kanë shfrytëzuar mbi 80 për qind e pensionistëve, respektivisht mbi 8000 pensionistë. Pjesa tjetër, këtë të drejtë do ta shfrytëzojnë në vjeshtë në katër banjat e vendit. Gjatë vizitës së Banjave në Dibër – Capa, drejtuesit e LShPM patën takim me menaxhuesin kryesorë të kësaj banje Shpresa Capa. Përfaqësuesit e pensionistëve dhe drejtuesit e Banjave të Dibrës – Capa, theksuan se në këto banja pensionistët janë shumë të kënaqur. Ambienti dhe uji termal kanë mundësuar rehabilitim të tërësishëm të kësaj kategorie pensionistësh të cilët tani më po e jetojnë moshën e tretë. Argirovski dhe Pocesta patën takim edhe me qëllim të pensionistëve të cilët janë në këtë rehabilitim në këto banja.

**V. Sadiku**

Elena Kolamovska, Pustec Shqipëri

# Shpirt i shqetësuar



Takimi me Elena Kolamovska, kryetare e Aktivit të grave në komunën Pustec – Shqipëri, ngjau atje gjatë vizitës kohë më parë në këtë vend. Fytyra e sajë me shprehje të veçantë për miqësi dhe përgatitja për komunikim, tërhoqi vëmendjen tonë dhe ashtu lindi dëshira për bisedim. Kjo grua e palodhur, për të cilën mund të thuhet se është sinonim i shtëpiakes së mirë, grua me shpirt të çelur dhe energji pozitive, pandërprerë është në lëvizje, organizon ekskursione në ujëra të ndryshëm dhe në gara të ndryshme me gratë dhe pensionistët dhe në të gjitha aktivitetet jep maksimumin e saj.

- Nisma për formimin e organizatës së pensionistëve është në rrjedhë – filloj të më shpjegojë Elena. Do ta zgjerojmë edhe në vendet ku jetojnë Maqedonas, si në Korçë, Golo Bërdo, Elbasan, Gora e tjerë, me qëllim që t'i nxisim pensionistët për jetë aktive. Por, të gjitha aktivitetet tona shkojnë shumë ngadalë, sepse nuk disponojmë me mjete materiale. Nga ana tjetër, të gjithë ata janë të koncentruar në luftën për ekzistencë – thotë Elena.

- Këtu, Elena vyen për punëtore të madhe, para së gjithash për shok të shkëlqyeshëm, e cila gjithmonë është e gatshme t'i mësojë të rinjtë dhe t'i ndihmojë më të vjetrit. Ambiciet dhe shpirti i saj i shqetësuar që i posedon ajo nuk e lejojnë të rrijë e qetë e të mos shoqërohet me njerëzit. Ajo beson se rezultatet patjetër do të vijnë dhe do ti orientojë njerëzit për ndihmë njerëzit me nevojë dhe të sëmurët. Përveç kësaj, ajo gjithë ato vite ia ka kushtuar kultivimit të traditës dhe kulturës tonë të pasur.

- Jam e vetëdijshme, jo vetëm unë, por të gjithë na këtu, se duhet ta ruajmë gjuhën amtare, si një ndër shtyllat e identitetit të një populli, që të mundemi atë dashuri tua përcjellim më vonë gjeneratave më të reja dhe ajo t'ju mbetet pasuri e tyre e çmueshme. Të njëjtën kohë jemi krenar që personat e moshuar nuk janë nënshtruar shtypjeve dhe e gjithë ajo na nxit që të luftojmë për të drejtat e pensionistëve sepse ata kanë jetuar në kushte të vështira.

Më pas, Elena tregon për jetën dikur dhe sot në Pustec. Kujtohej në vështirësitë, por ajo tanimë është e kaluar. Këtu, tanimë ato kanë shkollë, kishë, ambulancë, e çka është më e rëndësishme edhe komuna është e tyre.

- Bashkëpunimi i tyre me kryetarin e qytetit Edmond Temelko është shumë e mirë dhe në nivel të lart. Ka mirëkuptim të plotë për na dhe gjithnjë na ndihmon. Sepse jetojmë në kushte rurale, ndërkaq puna në fushë, në ara, është ekzistenca jonë. Shëtitjet, edhe pse në numër të vogël, gjithnjë na mbeten në kujtime. Në Ohër, Shkup, si dhe si mysafir të aktivit të grave të klubit "Zhivko Brajkovski", nga Buteli, i realizojmë me ndihmën e komunës. Ja, sot gratë e atij aktivi janë tek na dhe përpiqemi të tregohemi si nikoqir të vërtet. Këtu, na takohemi me gratë e aktivit njëherë në muaj ose sipas nevojës, sepse nuk kemi shumë kohë. Bisedojmë dhe merremi vesh për çështje të ndryshme. Jemi shumë të bashkuar dhe të mirë kuptimit.

- E lëmë Elenën të vazhdojë për luftën e tyre për ekzistencë dhe i dëshirojmë që me shoqërim dhe bashkëpunim me aktivet tjera të grave t'i ndajnë vështirësitë të cilat për moment do të kthjellohen dhe të këmbehen mendime dhe përvoja.

**Vasil Paçemski**

# ME RËNDËSI

**Për shfrytëzuesit e pensionit:**

1. Shfrytëzues i pensionit të pleqërisë, familjar dhe të atij invalidor është i obliguar që çdo ndryshim i cili ndikon në të drejtën e pensionit, në afat prej 30 ditësh ta paraqes në Fondin e SPIM (PIOM), (lidhja e marrëdhënies së punës, ndërprerja e shkollimit të fëmijëve të cilët shfrytëzojnë pension familjar, paraqitja në kohë në kontrollimin mjekësorë nëse jeni pensionist invalidorë). Nëse nuk e paraqisni ndryshimin, do të duhet patjetër t'i ktheni mjetet të cilat u janë paguar edhe atë me kamatë ndëshkuese.

2. Shfrytëzuesit të pensionit të pleqërisë, mund t'i caktohet sasi e re e pensionit, nëse ka plotësuar së paku një vit përvojë të sigurimit pas fitimit të drejtës të pensionit, nëse është e kënaqshme për shfrytëzuesin e pensionit.

3. Sasia më e ulët e pensionit dhe pensioni minimal i pleqërisë nuk mund të jetë lëndë për përmbarim dhe sigurim, përveç për kërkesat në bazë të përkujdesjes vërtetuar me pëlqim gjyqësor dhe pëlqim të dhënë nga shfrytëzuesi i pensionit edhe atë më së shumti një të tretën e sasisë mujore.

3. Shtesa e të hollave për dëmtim trupor, nuk mund të jetë lëndë për përmbarim dhe sigurim.

**Për shfrytëzues të ardhshëm të pensionit:**

1. Kërkesë për realizimin e të drejtës të pensionit të pleqërisë, të asaj familjare dhe pensionit invalidorë, mund të jepet 30 ditë para plotësimit të kushteve për pension.

2. Të drejtë për pension të pleqërisë, të atij familjar dhe invalidorë, shtesë në të holla për dëmtime trupore, fitohet prej ditës së plotësimit të kushteve për pension. Nëse kërkesën e dërgoni pas kalimit të afatit prej 6 muajve, e drejta për pension takon vetëm për 6 muajt prapa.

3. Pas fitimit të drejtës për pension dhe nënshkrimit të aplikimit në Shoqatën e pensionistëve ku jetoni, bëheni anëtar i asaj shoqate dhe mund t'i realizoni të drejtat dhe të mirat që i jep shoqata si dhe mundësia të kyçeni në aktivitetet e tyre.

Bëhuni pensionist aktiv dhe na bashkëngjitni.

**S.T.**

Shoqata e pensionistëve të Komunës Saraj

# Piknik në Dojran

Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj, në kuadër të Programit për punën e saj, më datë 01.06.2013 realizoi një shëtitje njëditore në Dojran. Në këtë piknik, u udhëtua me 3 autobusë ku morën pjesë 130 pensionistë, ndër të cilët edhe kryetari i shoqatës **Rufat Ramadani.**

Tre autobusë u nisur në orën 7,oo të mëngjesit dhe u kthyen në ora 8,oo të mbrëmjes. Pjesëmarrësit në këtë piknik vizituan qytetin Dojran, shëtitën rreth liqenit në grupe, u argëtuan, relaksuan dhe dëfryen.

Sikurse herëve tjera, edhe kësaj radhe, mjeku **dr. Jani Deçkov,** ishte i gatshëm të ndihmojë në raste të problemeve shëndetësore.

Duhet cekur se pjesa më e madhe e pjesëmarrësve në këtë piknik, së pari herë vizituan qytetin dhe liqenin Dojran. Përveç njohjes me Dojranin dhe liqenin e tij, ishte ky edhe një rast që



përveç dëfrimit, të forcohet shoqëria dhe miqësia. Pjesëmarrësit në këtë piknik, mbetën të kënaqur nga kjo shëtitje...

**Baki Bakiu**

# Të dhëna për kartela shëndetësore elektronike

Të nderuar

Ju informojmë se Rregullorja për lartësinë e harxhimeve për dhënien, zëvendësimin e të humburës ose të dëmtuarës dhe për aktivimin për së dyti të kartelës shëndetësore elektronike të bllokuar për sigurim shëndetësor, si dhe mënyra e pagesës së saj, është sjellë nga Ministria e shëndetësisë dhe është shpallur në ("Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë nr. 68/2012) sipas nenit 3 të rregullores.

Lartësia e shpenzimeve për dhënien e kartelës elektronike për sigurim shëndetësor është 250,00 denarë. Lartësia e shpenzimeve për dhënien e kartelës elektronike për sigurim shëndetësor për persona të pa punësuar, pensionistë me neto pension deri më 15.000,00 denarë, prindër të vetë mbajtur dhe fëmijë pa prindër dhe përkujdesje të prindërve deri më 18 vjet, si dhe për personat të siguruar përmes tyre është 100,00 denarë.

Personat të cilët janë shfrytëzues të ndihmës sociale në të holla dhe anëtarët e familjeve të tyre si dhe personat shfrytëzues të ndihmës në të holla, janë të liruar ar nga shpenzimet.

Lartësia e shpenzimeve për ndërrimin e kartelës elektronike shëndetësore të humbur ose të dëmtuar për të gjithë personat e siguruar është 250,00 denarë.

Lartësia e shpenzimeve për aktivizim për së dyti të kartelës elektronike shëndetësore të bllokuar, është 100,00 denarë.

Personat e pa punësuar, pensionistët me neto pension deri më 15.000.00 denarë, prindërit e vetë mbajtur dhe fëmijët pa prindër dhe përkujdesje të prindërve deri më 18 vjet, si dhe për personat të siguruar përmes tyre gjithashtu edhe personat që janë shfrytëzues të ndihmës sociale në të holla dhe anëtarët e familjes së tyre dhe personat shfrytëzues të ndihmës në të holla, janë të liruar nga shpenzimet për aktivizim për së dyti i kartelës shëndetësore elektronike.

Në pajtim me rregulloren, pagesa e të hollave për kartelë shëndetësore elektronike, përfundimisht me datë 30.06.2013, duhet të kryhet në llogarinë e poshtë shënuar:

Pranues: Trezorska smetka
Ministria e shëndetësisë,
Banka e pranimit: NBRM,
Llogaria: 100000000063095,
Llogaria e shfrytëzuesit buxhetor: 190010043478719,
Shifra: 723819,
Programa: 10.

**S.T.**

Faqen e redaktoi Baki Bakiu

# Како да се живее подолго?

Јасно е дека долговечноста не може да биде само последица на едно нешто, а одговор на ова прашање научниците се обидуваат да најдат низ вековите. Како и да е единственото со кое сите се согласни е дека долговечноста е последица или резултат на повеќе фактори кои можат да влијаат на продолжување на животниот век на луѓето.

Во истражувањата научниците дошле и до заклучок дека некои жители на планетата живеат подолго од други, и тоа еконцентрирани во одредени региони! Особено, биле издвоени жителите на грчкиот остров Icaria, кои во просек имаат помеѓу 66 и 91 години. Во истражувањата во последно време научниците долгиот живот на овие луѓе го поврзуваат со пиење на нивното „домашно" црно кафе, некаква мешавина од цикорија, рж и слануток. Инаку, островот спаѓа во т.н. „Сина зона" во која се земји каде што луѓето живеат подолго од 90 години. Една студија од 2011 година објавена во списанието „Кардиологија, истражувања и практика" (Cardiology Research and Practice) покажала дека можеби кафето има некакво влијание, но долговечноста се должи на нивната постојана физичка активност, здравата исхрана пладневен одмор, кој помага за ублажување на последиците од стресот. Дека во "сината зона" живеат многу стогодишници е утврдено, но не и рецептите за нивната долговечност. Во Окинава – Јапонија, каде меѓу 100.000 жители има 50 стогодишници, не е утврдено дека пијат„домашно" црно кафе, а сепак ги има доста. Истражувачите проучувале деветстотини стогодишници во оваа област, со цел да ги откријат клучните фактори за нивниот долг животен век. Слично како во истражувањата спроведени на Icaria, и овде тие утврдиле дека не се работи само за еден факторот, но дека и овде жителите водат активен живот, храната е претежно зеленчук и производи од соја, и речиси никогаш не се прејадуваат, затоа што според правилата на „hara Hachi Bu", треба да се јаде додека не се задоволат 80 проценти од потребата за храна. Утврдено е исто така, во нивната филозофија на животот постои терминот „ikigai", кој се однесува на поседување на смислата на животот и цел. На некој начин, тоа значи дека секој од нив верува дека животот има многу повисока цел и подлабоко значење отколку само да се трча по задоволства и храна! Според истражувачите, ефектите од „ikigai" можеби го намалуваат и ризикот од предвремена смрт бидејќи здравиот ум и дух го одржува и телото во здрава кондиција.

Марио Гарет, професор по геронтологија во Сан Диего Универзитетот, вели дека едно и исто правило речиси важи во сите локации каде што живеат стогодишници, а тоа е постојана физичка активност и здравата исхрана. Интересно е дека во сите овие земји, луѓето имаат чувство на припадност на групата.

– Ако долговечноста не е заради таквото општество во кое луѓето не се чувствуваат отфрлени, стогодишниците би ги имало насекаде на многу локации во целиот свет. Значи, луѓето живеат многу подолго, ако не се исклучени од секојдневните општествени активности. Во повеќето други општества луѓето се „отпишуваат" доста порано или веднаш штом ќе достигнат одреден број на години. Дури и во Корзика, каде што луѓето не се толку отворени кон другите, имаат чувство на припадност кон заедницата, а таму и на стогодишници.. Значи интегрираноста во општеството е исто така битен фктор кој ги поттикнува луѓето да живеат подолго, – вели тој.

Научникот Батенер пак укажува дека не постои единствен рецепт за подолг живот. Наместо да бараат рецепт за долговечност, луѓето треба да направат повеќе мали промени во животниот стил. Понекогаш и една работа може да биде доволно, на пример да престанете да пушите или да консумирате алхохол, или да спиете доволно, и тоа да биде позитивен фактор за да живеете подолго.

– Еден истражувач кој ги истражува причините за долговечност тешко дека ќе може научно и точно да измери што и колку влијае на должината на животот, но заклучокот е дека за да живеете подолго е многу битно да бидете позитивни и одмерени. Сепак, јас се осмелувам да кажам дека намќорите имаат покус животен век од оние другите, – вели тој.

**Калина С. Андонова**

СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ПО ОЧНИ БОЛЕСТИ
доктор СЕРАФИМОСКИ
ВРШИМЕ ОПЕРАЦИЈА НА КАТАРАКТА
ПРЕКУ ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
✆ 3216 212

# Вода од амбалажа наспроти филтрирана вода од чешма

Постојат голем број анализи кои потврдуваат дека водата од чешма е побезбедна за пиење отколку амбалажираната вода. Во суштина, некои природни минерални води содржат повисоко ниво на минерали од препорачаното за одредени групи луѓе, на пример бебиња и мали деца. Освен последици по здравјето на луѓето, амбалажираната вода има негативен ефект и врз животната средина. Кај амбалажираната вода загрижува и опасноста од хемикалиите кои се користат при изработката на пластичните шишиња, а 80 проценти од нив се за една употреба и не можат повторно да се наполнат. Пластичните шишиња што нема да стигнат до местата за рециклирање завршуваат како пластично ѓубре за чие распаѓање ќе бидат потребни повеќе од 100 години.

Водата од филтерските системи со реверзна осмоза не содржи минерали, патогени микроорганизми или какви било други хемиски или бактериолошки загадувања. Квалитетот на водата е до 10 пати подобар од амбалажираната, затоа што е свежа и не се чува во пластика. Филтерот за вода со реверзна осмоза го подобрува квалитетот на водата за пиење, и со тоа директно го подобрува здравјето. Отстранува: хлор, бигор, азбест, ураниум, железо, олово, бакар, жива и други тешки загадувачи кои можат трајно да го нарушат вашето здравје. Доколку имате желба, може чистата вода да се збогати со најнеопходните минерали како натриум, калциум и магнезиум, избалансирани во идеален сооднос, кои пријатно дејствуваат врз организмот и го подобруваат вкусот на водата.

Водата од филтерот има можност да ги активира водните молекули во телото, го зголемува нивото на кислород во крвта, ги загрева и ги елиминира маснотиите, хемикалиите и отровите. Го елиминира останатиот отпад од телото, а воедно ја намалува и киселоста во телото. Ја подобрува функционалноста на нервниот систем. Зголемениот контакт со здрава вода води кон подобрување на дигестијата, апсорпцијата на храната, хидратацијата на кожата, детоксификација, односно подобрување на здравјето во секој аспект.

**Ако денес сте имале можност да се напиете барем една чаша пивка вода, сметајте се за среќни. Според Светскиот совет за вода, 1 од 6 луѓе на планетата Земја нема пристап до вода за пиење, а тоа значи 1,1 милијарда луѓе се жедни и таа бројка постојано расте.**

Загадената вода секојдневно убива 6000 деца. Бројот на жители на Земјата забрзано се зголемува, потребите за вода уште побрзо, а нејзиното количество не се менува. До 2025 година, две третини од населението ќе почувствуваат сериозен недостиг од вода. Процените на стручњаците велат дека околу 1,1 милијарда лица немаат пристап до вода за пиење, а 2,5 милијарди немаат обезбедени елементарни санитарни услови. Шест илјади деца помлади од 5 години секој ден умираат од болести предизвикани од загадена вода, односно повеќе од 5 милиони луѓе годишно, што е 10 пати повеќе отколку бројот на загинати во сите војни годишно во светот.

**З. Кацеска**

# Што содржи најмногу пестициди

Сигурно честопати сте се запрашале кои овошки и зеленчуци се најзагадени со хемиски препарати, односно кои содржат најмногу пестициди. Одговорите на овие прашања ги дава непрофитната организација "Работна група за човекова средина", која објави листа на неколку видови на овошје и зеленчук кои содржат големо ниво на пестициди.

Пестицидите се поврзани со бројни здравствени проблеми, посебно со оние што се однесуваат на развојот на децата. Тие исто така се канцерогени и го нарушуваат односот на хормоните во телото, судејќи според Агенцијата за заштита на животната средина во Америка. На врвот на оваа ранг листа се наоѓаат јаболките, а непопуларниот ранкинг го завршуваат чери доматите.

**Јаболки** Тестираните примероци на јаболки покажале траги од пестициди во 99 проценти од случаите.

**Јагоди** Јагодите се наоѓаат веднаш зад јаболката според количината на пестицидите која што е присутна кај нив.

**Грозје** Во само едно зрно грозје се пронајдени 15 различни видови пестициди.

**Целер** Во примероците на целерот се пронајдени 13 различни видови пестициди.

**Праски** Тие според бројот на пронајдени пестициди се наоѓаат на 5. место.

**Спанаќ** Овој зеленчук, кој е многу популарен во овој период од годината, исто така е мошне изложен на пестициди.

**Нектарина** Секој примерок од овој вид на праска кој е увезен во Америка бил позитивен на пестициди.

**Краставица** Краставицата се наоѓа на 9. место на овој ранкинг.

**Компир** Просечен компир има значајно поголема количина пестициди по тежина од кој било друг вид овошје и зеленчук.

**М. Дамјаноска**

# Домашните билки се чувари на здравјето

Освен што несомнено припаѓа на најубавите украси на нашиот дом, цвеќето многу позитивно дејствува и на нашето здравје. Тој факт денес го потврдуваат и многубројни експерти.

Причините поради кои на цвеќето во нашиот дом можеме да гледаме како на чувар на здравјето, се навистина многу. Помеѓу останатото, цвеќето го прочистува воздухот, ги впива електромагнетските зрачења, го намалува стресот, шири позитивна енергија, не штити од бучавата, го разубавува просторот, ги потиснува непријатните мириси...

А во замена за сето тоа, од нас бара само малку време и внимание.

**Прочистувачи на воздухот -** Билките го прочистуваат и го освежуваат воздухот така што го филтрираат јаглеродниот диоксид кој го издишуваме, како и разните токсични содржини присутни во затворениот простор, а произведуваат кислород.

Едно од најзанимливите истражувања врзани за употребата на собните растенија во врска со прочистувањето и освежувањето на воздухот го направила NASA во раните 90–ти години на минатото столетие. Секоја од тестираните билки во период од 2 години, на вообичаен начин е одгледувана во одделна комора од плексиглас, во клима каква што преовладува во домот или во канцеларијата. Во тие комори, секојдневно се ставала одредена количина на загадувачи, а по 24 часа, се мереле штетните содржини во воздухот, па се споредувале со количината измерена пред загадувањето.

Резултатите биле изненадувачки. Поединечни собни билки, во рок од 24 часа, можат да отстранат и до 90 % различни токсични содржини од воздухот во просториите во кои живееме или работиме. Еве ги тие чудотворци:

гербер, маргарита, хризантема, африканска љубичица, орхидеја, филодендрон дракаена (дрво на животот, spathyphillum (мирен лилјан), бршљан, алое вера, различни видови на палма, папрат и други.

Загадувачот **formaldehid** посебно е важно да се истакне од оние многубројните на кои сме секојдневно изложени внатре во затворениот простор.

Поради својата широка примена присутен е речиси насекаде. Го има во пената за изолација, лепилото, иверицата, пластиката, хартиените шамивчиња, во теписите, завесите, во освежувачите на простор, во средствата за чистење, дезодорансите, лаковите за нокти и во многубројни производи за нега на лице, на тело и на коса...

Од таа причина, особено е препорачливо во просторот во кој престојуваме да внесеме билки, посебно е корисен филодендронот и алое верата. Овие две растенија се покажале како најмоќно оружје во борбата против тој сеприсутен загадувач, кој може да ги иритира дишните патишта, да предизвика астма и алергии, главоболка, умор и вртоглавица, а потенцијално е и канцероген!

**Извор на негативни јони -** Освен што го прочистуваат воздухот од токсичните состојки, билките исто така го оплеменуваат и со негативни јони, кои недостасуваат во затворениот простор. Негативните јони на големо го подобруваат лошиот квалитет на воздухот заради осветлувањето, греењето и дејствувањето на климатизерите и на многубројните електрични апарати. Истражувањата потврдуваат дека негативните јони значајно влијаат на нашето здравје: ги витализираат клетките, ја подобруваат работата на метаболизмот, на концентрацијата и на будноста, ја зголемуваат отпорноста кон болестите, особено добро помагаат при главоболка, алергии и астма.

**Одбирање и сместување на билките -** Со правилниот избор и со сместување на билките во просторот во кој престојуваме, можеме да го подобриме здравјето, а и да постигнеме неопходна хармонија на умот, духот и на телото. Во таа смисла, посебно се издвојува бамбусот како симбол на здравје и на благосостојба. Трнливите билки поставени покрај излезот, осигуруваат заштита во домот, а свежото цвеќе внесува среќа и богатство во домот.

Билките со валчести листови особено се препорачливи за домот, бидејќи ја смируваат енергијата. Најдобро е да ги поставиме во северните агли на просториите. Билките со издолжени листови можат во просторот да внесат премногу агресивна „машка" енергија, па со нивното сместување во домот треба да се биде внимателен.

Но, ако енергијата во нашиот дом е премногу успиена, понекоја таква билка би можела да ни послужи за да се создаде подинамична атмосфера и подинамично опкружување. Што се однесува до работниот простор, билките поставени на исток, југ и југоисток, ќе ја зголемат успешноста на вашите потфати и ќе ви донесат среќа во работата. Во согласност со тоа, треба да се избегнува поставување билки на запад, југозапад и североисток.

Во домот би требало да се избегнуваат билките со остри врвови да се сместуваат до покуќнината на која седиме или лежиме, оти може да го ослабат имунитетот. Црвеното и жолтото цвеќе ја подига енергијата, додека сиНото и виолетовото дејствува смирувачки.

Растението познато под називот **Spathyphillum** (мирен лилјан), го елиминира штетното зрачење на мониторот и ТВ–екранот, па препорачливо е да го ставите во близина на тие апарати. **Лавандата** е одличен избор ако сакате да го забрзате оздравувањето и оправувањето. Се смета дека здравите билки ја привлекуваат универзалната енергија, и така влијаат на виталноста и на долговечноста.

Да споменеме уште само дека билките во нашите домови се наполно зависни од нас. Да постапуваме со нив внимателно и со љубов, бидејќи повеќекратно ќе ни возвратат за сиот труд, дарувајќи ни убавина, но и здравје. **Т.Г.**

# Работи кои влијаат на стареење

**Телевизија** - После 25 година, секој час поминат пред ТВ ви го скратува живот за 21,8 минути, како резултат на истражувањето од 2011 година. Оние кои гледаат телевизија шест или повеќе часа на ден живеат 4,8 години помалку од оние кои не гледаат телевизија.

**Шеќер -** Шеќерот е лош за витката линија, тој исто така предизвикува оштетување на колагенот и еластинот, кои се потребни за да се задржи цврста и мазна кожата. Експертите велат дека слатките треба да се заменат со јагленохидрати со низок гликемиски индекс, како што се зрната житарици затоа што телото ги вари побавно, што го ограничува губењето на колагенот и еластинот.

**Задржување на бесот**

Луѓето кои го задржуваат гневот во себе, имаат четири пати поголема веројатност за предвремена смрт.

**Перница -** Експертите велат дека перницата ја апсорбира влагата од нашето тела, што доведува до стареење на кожата. Дури и полошо, перницата може да биде таква што остава линии и брчки на лицето. За да се спречи ова, најдобро е перницата да биде од свила, која содржи амино киселини слични на оние кои се наоѓаат во хидрантните креми.

**Смеењето и гримасите -** Можеби имате убава насмевка, но гримасата која ја правите додека се смеете, како и другите гримаси на лицето, на пример лутењето, доведува до формирање брчки на лицето.

**Климатизација и греење -** Средината во која владее ниската влажност поради греењето или климата доведува до сува кожа, а кај која брчки се поистакнати. Затоа се препорачува да се облекувате со повеќе парчиња облека, за да може да се разладувате или загревате, наместо да вклучувате клима.

**М. Дамјаноска**

## ЗРНЦА

Животот е единствен маратон кој може да се заврши и без да се дојде до целта!

Ишкањето на мувата од главата без престан, само прераснува во најобична – навика!

Селото не престанува да се сели во град, најмногу заради штетите токму од – градот!

На неуспешниот музичар најмногу му свири – стомакот!

На оној што секогаш се врти таму од каде што дува ветерот, сите му симнуваат капа, исто како што и ветерот им ја симнува на сите!

Надежта умира последна, најверојатно затоа што пред неа умираат мнoгумина од оние што веруваат во неа!

Платената грижа трае исто колку што трае и плаќањето!

Растот на цените од потрошувачката кошница најдобро се чувствува по намалувањето на нејзината тежина!

Пензијата е најсигурното примање чие времетраење е најнесигурно!

Порано становите се делеа на парни и непарни, а сега на оние со парно или исклучени!

**Иван Русјаков**

# 18-ти Регионални пензионерски спортски натпревари

РАДОВИШ, СЕДМИ РЕГИОН

## Во Радовиш се спортуваше и другаруваше

Дваесет и четврти Мај денот на Словенските просветители Свети Кирил и Методија, беше голем празник за пензионерите–спортисти од источна Македонија.

Во организација на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во Радовиш се одржаа 18–тите регионални пензионерски спортски игри на кои учествуваа преку 300 натпреварувачи и гости од ЗП Радовиш и Конче, ЗП Штип и Карбинци, ЗП Струмица, ЗП Св.Николе, ЗП Лозово и ЗП Ново Село.

Пред олимпискиот базен во кругот на ресторанот „Шампион" учесниците ги поздравија претседателот на здружението на пензионерите на општините Радовиш и Конче **Јордан Костадинов**, градоначалникот на општина Радовиш **Сашко Николов**, градоначалникот на општина Конче, **Благој Јованов**, а спортските игри за отворени ги прогласи претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Начинот на спроведување на натпреварите ги објасни претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ **Здравко Петковски**, кој ги подготви судиите, а тие компетентно си ја извршија задачата во делењето на судијската спортска правда.






На добро подготвените спортски терени во сите 11 дисциплини се водеше мошне интересна борба, а според покажаните резултати најдобри беа спортистите од Штип.

Посебен придонес во тоа имаше и познатата музичка група „Златни прсти", а средбата ќе остане запаметена по беспрекорната организација, убавиот амбиент и пријатната атмосфера за дружење.

**Лилјана Младеновска**

ГАЗИ БАБА, ПРВ РЕГИОН

## Да се учествува, но и да се победува

Регионалните пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионери од Првиот – скопски регион, оваа година се одржаа на 28 мај во општината Гази Баба, а домаќин беше истоименото здружение на пензионери. Најпрво, на учесниците и присутните им се обрати претседателот на ИО на Здружението домаќин, **Ѓорге Андонов**, кој посебно ги поздрави: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски со потпретседателот на Собранието Бесник Поцеста, градоначалникот на општина Гази Баба Тони Трајковски и претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ Здравко Петковски. Тој го истакна значењето на спортот за припадниците на третата животна доба како потпора во јакнењето на телото и духот и како придонес во активното стареење. Спомнувајќи ја познатата мисла на Пиер Кубертен – важно е да се учествува, тој рече дека учесниците од здружението домаќин сакаат да учествуваат, но и да победуваат.

Во име на организаторот СЗПМ поздравен збор одржа потпретседателот на Собранието **Бесник Поцеста** при што ја нагласи придобивката од ваквите спортски натпревари во создавањето блиски меѓусебни односи и дружења меѓу пензионерите без оглед на нациналната и етничка припадност. Во тоа име тој ги поздрави учесниците и им посака добро здравје и подобри успеси во натпреварувањето.

При отворањето на игрите градоначалникот на општината **Тони Трајковски** потсети дека тие се одржуваат на Денот на пеперутките, на кој намногу им се радуваат децата од претшколска возраст, кои дојдоа од најблиските градинки за да им дадат поддршка на бабите и дедовците и да ги бодрат во натпреварите. Притоа градоначалникот Трајковски даде ветување дека локалната самоуправа и понатаму ќе ги поддржува и помага активностите на пензионерите.





На натпреварите учествуваа здруженијата на пензионери од: Гази Баба, Кисела Вода, Солидарност – Аеродром, Центар, Чаир, Воени пензионери, Нов живот – Бутел, Солидарни пензионери – Илинден и Шуто Оризари. Во повеќето дисциплини се водеше изедначена борба, а старите ривали повторно ги покажаа своите нови амбиции за постигнување подобри успеси.

Според освоените поени, прво место му припадна на ЗП Гази Баба, пред ЗП Солидарност – Аеродром, и ЗП Кисела Вода.

Натпреварите беа завршени со заедничко дружење во ресторанот „Ханибал" во населбата Маџари. **М.Д.**

КРАТОВО, ШЕСТИ РЕГИОН

## Регионални спортски натпревари во Кратово

На први јуни 2013 година се одржаа 18. регионалните спортски натпревари во Кратово, во организација на Сојузот на здженија на пензинерите на Македонија, а домаќин беше здружението на пензионери од Кратово.

На овие натпревари својот спортски дух и подготвеност го покажаа здруженијата на пензионери од Кратово, Куманово, Пробиштип, Злетово и Крива Паланка кои со надеж, ведрина, и сигурност во себе го очекуваа стартот на спортските натпревари.

Во Кратово, градот на средовековните кули, мостови, чешми и куќи во препознатлива македонска архитектура, присутните ги поздрави претседателот на здружението–домаќин Љубчо Ангеловски со очекување спортистите да ги надминат резултатите од минатата година,при тоа истакнувајќи дека во секој натпревар мора да има победници и поразени.

Спортистите–пензионери срдечно ги поздрави и градоначалнкот на Кратово, Мите Андоновски, кој вети дека и понатаму ќе се грижи за пензионерите, а регионалните спортски игри во Кратово ги прогласи за отворени Станка Трајкова, секретар на Извршен одбор на СЗПМ. На овие натпревари од 147 натпреварувачи, ЗП Куманово освои 15 први места, ЗП Пробиштип 3, ЗП Кратово 2 и ЗП Крива Паланка 1, што значи дека Кумановци беа најдобри, а сите овие здруженија се квалификуваа за учество на републичките спортски натпревари на 7 септември во Штип.





По завршените натпревари сите учесници го продолжија своето дружење со посета на старата чаршија во Кратово. Следуваше незаборавна веселба за паметење.

**С.Т.**

СТРУГА, ЧЕТВРТИ РЕГИОН

## Охридските спортисти севкупни победници

Во организација на СЗПМ на 8–ми јуни 2013 година во хотелот „Бисер" кај Струга се одржаа 18–те Регионални спортски натпревари на пезионерите од 4–от регион. На овие традиционални натпревари во 11–те дисциплини, се натпреваруваа околу 150 спортисти – пензионери од градовите, Кичево, Охрид, Дебар, Македонски Брод, Вевчани, и домаќинот Струга.

Спортистите, гостите и другите 100 присутни што ги следеа натпреварите, од името на градот домаќин ги поздрави и на спортистите добри резултати и пријатен престој кај манастирот Калишта, им посака претседателот на ЗП Струга **Лиман Положани**. Оваа спортска манифестација ја следеа претседателот на СЗПМ Драги Аргироски, претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ Здравко Петкоски, како и делегација на Конфедерацијата на синдикатот на ЗП928Поградец-Албанија предводена од претседателот Назив Далјани.

Со пригодни зборови до спортистите и гостите средбите ги отвори потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**, кој меѓу другото рече дека овие игри се можност за заедничко другарување, поголемо меѓусебно запознување, заеднички да се почувствува мултиетничкото, мултинационалното и мултиверското живеење за доброто и среќата на нашата заедничка држава Македонија.

На натпреварите екипен победник во машка и женска конкуренција и овој пат беше ЗП Охрид и Дебрца, кое учествуваше и со најмногу, односно околу 50 натпреварувачи.



По објавувањето на резултатите од натпреварите, на најдобрите спортисти успехот им го честита претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој изрази задоволство од добрата организација, за нејзината масовност, и посака и во наредните вакви дружења уште поголема заедничка соработка, меѓу здруженијата.



Од името на градот домаќин, на екипите учесници на спортските натпревари Благодарници им врачи претседателот на ЗП Струга Лиман Положани. Во таа пригода, во знак на соработка и пријателство на претседателот Положани пригоден подарок, уметничка слика му врачи претседателот на Конфедерацијата на синдикатот на ЗП Поградец, Албанија Назив Далјани. Спортската манифестација заврши со заедничка прослава проследена со музика,песни и ора.

**К.Спасески**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

**Како ќе живееме после 100 години...**

Британската телевизија Би–Би–Си на својата интернет страница побара од читателите да ги дадат своите предвидувања како ќе изгледа светот за 100 години, а потоа нивните одговори ги анализираа футуролозите Јан Пирсон и Патрик Такер. Еве ги нивните анализи.

**Бесмртност.** Бесмртните и особено интелигентните луѓе ќе бидат направени благодарение на употребата на ДНК–та и роботскиот инженеринг. Користејќи ја генетската, биотехнолошката и вештачката интелигенција ќе се прошири и човековата интелигенција и ќе се овозможи човештвото да извојува победа над смртта.

**Контролирање на времето.** Футуролозите веруваат дека големи се шансите во иднина да го контролираме времето. Научниците сигурно ќе работат на тоа, а не, барем ќе користиме методи за избегнување на природните катастрофи и големите климатски промени.

**Со лифт до вселената.** Вселенскиот лифт ќе овозможи едноставно и евтино заминување во вселената. Навистина може да очекуваме претставување на вселенскиот лифт, но прашање е колку тој ќе биде евтин. Сепак, тој ќе биде поевтин од сегашниот начин на заминување во вселената. Тој навистина ќе влијае врз големиот развој на вселенскиот туризам.

**Пустините ќе станат тропски шуми.** Пирсон смета дека шансите за вакво нешто се големи, односно дека изнесуваат околу 70 отсто.

**Светот ќе зборува на само три јазика - англиски, шпански и кинески.** Малите јазици се повеќе ќе ги снемува и ќе исчезнуваат, а се поголем ќе биде бројот на луѓето кои ги зборуваат овие три јазика. До крајот ва векот сите би зборувале англиски, шпански и кинески.

**Матрикс - мозоци поврзани со компјутери.** Ќе бидеме поврзани со компјутери кои ќе го забрзуваат нашиот мозок. Пирсон верува дека такво нешто можеме да очекуваме за 30–тина години, а кон крајот на векот повеќето човечки мозоци ќе бидат уммрежени со персонални портабал компјутери.

**САД ќе се распаднат.** Калифорнија ќе го започне распадот на САД. Ова е едно од можните сценарија бидејќи, според Пирсон, уште сега постојат индикации кои укажуваат на тоа дека Калифорнија сака да се одвои – еден од проблемите кои би можел да доведе до распаѓање на САД е нееднаквата распределба на богатството па некои држави/делови од САД ќе се одвојат за да не мора финансиски да ги помагаат другите посиромашни делови.

**Една светска влада и една валута.** Иако бројните теории за заговор говорат за тоа дека крајната цел на светската елита е создавање една светска влада која ќе го контролира целиот свет, Пирсон верува дека наместо една влада, во иднина ќе постојат повеќе држави отколку што има сега. Сепак, тој смета дека корпорациите и богаташите ќе се обидат да ги искористат идните напредни технологии за да изградат „полу суверен ентитет" во меѓународните води. Пирсон смета дека до средината на веков ќе постојат само неколку регионални валути, а најмногу ќе се користи електронското плаќање односно електронската валута која ќе биде прифатена од целиот свет, додека пак Такер смета дека бројот на валутите значително ќе се зголеми. Многу поверојатно е дека Пирсон е во право, сметаат футуролозите. **З.К.**

## КРСТОЗБОР




## Хумор

За време на ручукот Блажо а прашуе Мара:

– Маро, шо ќе направиш, ако дознаиш дека имам швалерка?

– Одма ќе објавам у весникот...

– Хехех, у весникот... е шо ќе напишиш мори Маро?

– Погребот ќе се одрже, у Градската Капела у 12 ч...

* * *

Блажо го прашуе шефот;

– Шефе, може ли денеска порано да ме пуштиш, да и помогнам на Мара чисте, прае генералка...

– Не бива Блажо...

– Тоо шефе, знаев дека можам да ти верувам...

* * *

За време на ручукот, малото Пере го прашуе татко му;

– Тато, ти зошто се ожени за мама?

Блажо става наапан, и вика на Мара;

– Ее мори, и на Перето не му е јасно...

* * *

Отишла Мара, да го посете Блажо у затворот;

– Како ти е туа Блажо?

– Исто каа дома Маро...

– Ауу ме радуе, а како тоа?

– Па така; Јаденето загорено и никакво, кошулта не испеглана, нема секс, и не ме пуштат нигде да испаднам...

* * *

Како настанала цртката на бројот 7;

Мојсие ги правел 10 заповеди, и стигнал до 7 заповед.

Се качил на дрвото, и му викал на народот насобран долу;

– Значи; 7 заповед гласи;

– Не ја посакувај жената на својот пријател...

А па одоздола, народот почнал да вика;

– Прешкртај го број 7, прешкртај го број 7....

* * *

Каа ќе и кажис нешто на жена ти, и она каа ќе рече;

– Шоо???

Тоа не е шо не те чула, туку ти дава шанса да го смениш, тоа шо си го кажал.

## Итар Пејо знае да зборува турски



М.Т.

Дошол еден Турчин во Мариово. Ги собрал Мариовците и ги прашал да му дадат за коњот сено. Тие не можеле да го разберат, па кметот му рекол на протуѓерот: – Викај го Итар Пејо! Тој знае турски да зборува, зошто по некогаш одеше во град кај Турците.

Дошол Итар Пејо и му рекол на агата:

– Што бараш?

– Сено за коњот.

Тоа рече турчинот и му покажа на кровот на една куќа што бил покриен со слама и со трева зараснат, а Пејо им вика на Мариовците: – Агата рекол коњот да му го качиме на покривот горе!

И зеле Мариовците коњот да му го качуваат врз куќата озгора за да ја паси сламата!

# 18-ти Регионални пензионерски спортски натпревари

НЕГОТИНО, ПЕТТИ РЕГИОН

## Спорт, рекреација и дружење

На прекрасните терени на Спортскиот комплекс „Младост" и во просториите на Хотел „Парк" во Неготино, на 9 јуни 2013 година се одржаа 18 – тите регионални спортски игри на пензионерите од Повардарскиот регион. На игрите учествуваа околу 200 натпреварувачи од: Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Валандово, Богданци, Гевгелија и Дојран и се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини во повеќе категории.

При отварањето на мафестацијата, присутните спортисти, другите учесници ги поздрави **Петар Захарчев** – претседател на Здружението – домаќин. На сите им посака пријатен престој и добри спортски резултати.

Потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски** ги поздрави натпреварувачите нагласувајќи го значењето на организирањето и одржувањето на овие спортски манифестации преку кои пензионерите се натпреваруваат, рекреираат и дружат. Прогласувајќи ги игрите за отворени, на спортистите им пожела фер борба и добри спортски резултати.

Севкупен победник е Здружението на пензионери од Кавадарци. Треба да се истакне дека домаќините – ЗП Неготино се покажаа како одлични организатори.



За значењето на спортувањето Марија Каракамишева од Богданци и Никола Данев од Неготино изјавија:

– Повеќе години се натпреварувам, најпрво во трчање, а последните три години сум републички првак во фрлање ѓуле.



Спортувањето за мене претставува релаксација, здраво и активно живеење и можност за запознавање и стекнување пријатели и дружење со нив. Организацијата на игрите во Неготино беше добра.

– Осум пати сум победник на регионалните натпревари, а шест пати досега сум државен првак во скок во далечина. Ги повикувам пензионерите кои имаат афинитет кон некој спорт да ни се придружат.

**Петар Стефанов**

ВИНИЦА, ОСМИ РЕГИОН

## Најстариот натпреварувач - најдобар

На 15 мај годинава во Виница се одржаа Регионалните спортски игри учествуваа околу 200 пензионери од шесте здруженија во регионот: Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Кочани и домаќините Виница.

Спортската манифестација започна со дефиле од Домот на пензионерите до дворот на Гимназијата „Славчо Стојменски" каде, од името на ЗП од Виница учесниците и гостите ги поздрави **Младен Петров**, претседател на виничките пензионери.

Топло добредојде, спортска среќа и убав престој во Виница на учесниците во Регионалниот натпревар, од името на градот домаќин им посака **Емил Дончев,** градоначалник на Виница.

Свое обраќање до учесниците, домаќините и гостите на натпреварите имаше и потпретседателот на ИО на СЗПМ, **Методија Тошевски**. Тој потсети дека Пензионерските спортски игри од година на година добиваат во масовност, но импресионираат и со постигнатите резултати на луѓето од третото доба, на кои можат да им позавидат и помладите генерации.

Натпреварите во машка и женска конкуренција се одржаа на Градскиот стадион и во просториите на ЗП Виница.

Традиционално, екипите се натпреваруваа во 11 дисциплини.

Како своевиден куриозитет на 18. Регионалните спортски игри во Виница го бележиме учеството на најстариот натпреварувач 84 годишниот пензионер Ѓорѓи Соколовски од Делче-





во, кој го освои првото место во домино и помеѓу своите помлади колеги се избори да го претставува регионот на 18–тите Републичките спортски игри на пензионерите, што во септември годинава ќе се одржат во Штип.

Свеченоста и заедничкиот ручек се одржаа во популарниот винички мотел „Слив".

**Васил Маневски**

БИТОЛА, ТРЕТ РЕГИОН

## Прилепчани со најдобри резултати

Во организација на Здружението на пензионери од Битола на 16 јуни 2013 година беа одржани осумнаесеттите регионални пензионерски спортски натпревари со учество на здруженијата на пензионери од: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар и Ресен. На свеченото отворање на игрите претседателот на ИО на Здружението на пензионери од Битола, **Томе Илиоски** го изрази своето задоволство од организацијата на еден ваков настан со кој позитивно се влијае врз натпреварувачкиот и спортскиот дух на пензионерите.

– Годинава игрите го одбележуваат полнолетството, а Здружението на пензионерите на Битола за прв пат е домаќин, истакна претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, **Драги Аргировски** и ја нагласи големата важност на ваквите спортски игри за луѓето во третата доба. Градоначалникот на општина Битола, **м-р Владимир Талески** им посака среќа на натпреварувачите изразувајќи искрена желба Битола во иднина да биде домаќин и на Републичките пензионерски спортски натпревари.

Според правилата содржани во Правилникот за спорт на





СЗПМ натпреварите се одвиваа во единаесет дисциплини.

Севкупен победник на овогодишните 18. регионални спортски игри во Битола е екипата на Здружението на пензионери од



Прилеп, но факт е дека сите се трудеа да постигнат што подобри резултати. Натпреварите се одвиваа на терените на градскиот стадион во Битола, а другарувањето продолжи во ресторанот „Император".

**Добре Тодоровски**

КАРПОШ, ВТОР РЕГИОН

## Повторно најдобри натпреварувачите од Тетово

Во организација на СЗПМ оваа година регионалните пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионери од вториот – скопски регион се одржаа на 20 јуни, во прекрасен амбиент на терените околу Езерото Треска, а домаќин беше Здружението на пензионери Карпош – Скопје. Добредојде и успех на учесниците им посака претседателот на Собранието на ЗП Каропош **Јован Гиновски,** при што изрази посебно задоволство што на игрите присуствуваат: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски со потпретседателот на ИО Методија Тошевски и секретарот Станка Трајкова и градоначалникот на општината Карпош Стевчо Јакимовски.

Во име на СЗПМ учесниците и присутните ги поздрави секретарот на ИО **Станка Трајкова**, која од повеќе аспекти го истакна значењето на овие пензионерски спортски натпревари, како што е подобрувањето на психо–физичката кондиција, меѓусебното дружење, релаксирање и активното стареење, што го продолжува животот на пензионерите.

Поздравен збор одржа и градоначалникот на општина Карпош **Стевчо Јакимовски** кој рече дека и понатаму локалната самоуправа ќе ги подджрува и помага пензионерите, а Општината ќе биде партнер во остварувањето на заедничките проекти, како што е и реализацијата на ова пензионерско спортско првенство. Посакувајќи им успех и пријатно дружење на учесниците, Јакимовски ги прогласи игрите за отворени.

На учесниците организацијата на настапот го образложи претседателот на ИО на ЗП Карпош **Трајко Савески.**





Потоа, во просториите на објектот и на терените околу Езерото се одржаа натпреварите во 11 спорстски дисциплини меѓу претставниците на здруженијата на пензионери од: Тетово,



Гостивар,Тафталиџе ДДД, Ѓорче Петров, Карпош, Сарај и ОВР – Скопје.

Најдобри, како и минатите години, беа учесниците од ЗП Тетово со освоени 10 први и 6 втори места.

На крајот од натпреварите на најдобрите учесници им беа доделени признанија, а на претседателите и претставници на здруженија со кои соработува ЗП Карпош им беа дадени благодарници.

Средбата заврши со заедничка веселба и дружење, а славеа и победниците и победените.

**Мендо Димовски**